# ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ЕКСТЕРНИТЕ ИСПИТИ НА ДРЖАВНАТА МАТУРА ЗА 2024/2025 ГОДИНА

**Државен испитен центар**

**Автори:**

д-р Бети Ламева

м-р Трајанка Аврамоска-Давидова

м-р Катерина Јакимовска

Наим Демири

**Обработка на податоци:**

Билјана Коцева

Емили Тантуровска

м-р Ќебир Шемши

**Лектура:**

Сања Јосифовска

# Содржина

ВОВЕД.... 4

ИНСТИТУЦИИ, ОРГАНИ И ТЕЛА ОДГОВОРНИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДРЖАВНАТА МАТУРА .... 7

СТРУКТУРА НА ДРЖАВНАТА МАТУРА .... 9

ПОДГОТОВКА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДРЖАВНАТА МАТУРА.... 11

ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ИСПИТИТЕ ВО РАМКИТЕ НА.... 15

ДРЖАВНАТА МАТУРА ВО УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА .... 15

ШТО СЕ ПРОВЕРУВА СО ЕКСТЕРНИТЕ ИСПИТИ? .... 24

Македонски јазик и литература/Албански јазик и литература/Турски јазик и литература/Српски јазик и литература.... 24

Англиски јазик.... 25

Германски јазик, Француски јазик, Руски јазик и Италијански јазик.... 26

Математика.... 26

Филозофија .... 27

Естетика.... 28

АНАЛИЗА НА ЕКСТЕРНИТЕ ТЕСТОВИ ОД ЈУНСКИОТ ИСПИТЕН РОК.... 29

Македонски јазик и литература .... 29

Албански јазик и литература .... 32

Турски јазик и литература.... 36

Српски јазик и литература .... 39

Англиски јазик.... 40

Германски јазик .... 43

Француски јазик .... 44

Руски јазик.... 45

Италијански јазик.... 46

Математика.... 46

Филозофија .... 50

Естетика.... 51

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ.... 52

## ВОВЕД

Државната матура во учебната 2024/2025 година се реализираше согласно **Концепцијата за државна матура, училишна матура и за завршен испит во јавното средно образование**. Во овој Извештај се претставени добиените резултати од испитите и се дадени препораки со цел подобрување на државната матура во иднина. Резултатите од овие испити не само што ги одразуваат постигањата на учениците, туку служат и како важна информација за подобрување на образовниот систем во РС Македонија.

Во овој Извештај, покрај претставените резултати од екстерните испити во државната матура, истакнати се и импликациите за планирање на политиките во образованието и за преземање мерки за подобрување на учењето и оценувањето во иднина.

Одговорна институција за спроведување на државната матура е Државниот испитен центар.

**Во постоечкиот Закон за средното образование,** испитите на крајот од четиригодишното средно образование се пропишани во:

- членот 33: „Учениците во гимназиското образование полагаат државна матура или училишна матура.“;
- членот 35: „По завршувањето на јавното стручно образование со четиригодишно траење, учениците полагаат државна матура или завршен испит.“;
- членот 37: „Учениците кои ја завршиле последната година во јавното уметничко образование полагаат државна матура или училишна матура според утврдени испитни програми“.

Во **Законот за високото образование,** во членот 108, се регулираат условите и начинот на запишување студии, односно: „На прв циклус универзитетски и стручни студии може да се запише лице кое положило државна матура или меѓународна матура“.

Испитите од државната матурата се регулирани детално во **Концепцијата за државна матура, училишна матура и за завршен испит во јавното средно образование.** Првата Концепција, донесена во 2005 година од министерот за образование и наука, претставува прв официјален документ во кој се дефинирани моделите на испити на крајот од четиригодишното средно образование. Овој документ е менуван и дополнуван во насока на негово подобрување. Во периодот од 2008 до 2012 година државната матура се реализираше со два екстерни испити, два интерни испити и проектна задача, а потоа се зголеми бројот на екстерните испити, односно се реализираа три екстерни испити, еден интерен и проектна задача. Присуството на пандемијата КОВИД-19 и реализацијата на настава од далечина поттикнаа донесување измени на **Концепцијата,** со кои се пропиша државната матура да се реализира со два екстерни испити, два интерни испити и проектна задача, според кои се реализираше државната матура и во учебната 2023/2024 година.

Со **Правилникот за начинот на полагање и оценување на резултатите на учениците на испитите во државната матура во гимназиското, стручното и**

**уметничкото образование** се регулира начинот на полагање и оценување на постигањата на учениците на испитите од државната матура во гимназиското образование, стручното образование со четиригодишно траење и во уметничкото образование . Во членот 2 од овој документ е пропишано кој може да полага државна матура, односно: „Државната матура во гимназиското, стручното и уметничкото образование (во натамошниот текст: државна матура) е испит со кој ученикот (во натамошниот текст: кандидатот) го завршува гимназиското, стручното или уметничкото образование. Државна матура може да полага кандидат кој ја завршил последната година од гимназиското, стручното, односно уметничкото образование. Државна матура може да полага и кандидат кој претходно положил училишна матура во гимназиското образование или училишна матура во уметничкото образование или завршен испит во стручното образование, но не во истата учебна година. Државна матура може да полага и кандидат кој полагал матура во рамките на програмата за меѓународна матура или друг вид завршен испит во средното образование со четиригодишно траење. Државна матура може да полага и кандидат кој завршил четиригодишно средно образование во странство и се здобил со нострифицирана диплома.“ Во овој документ е регулирано дека проверувањето и оценувањето на знаењата и способностите на кандидатите на задолжителните и изборните екстерни испити од државната матура се вршат екстерно, со надворешни оценувачи.

Значењето и улогата на државната матура се појаснети и во ***Стратегијата за образование 2018 – 2025,*** поточно во алинејата 94, во која стои: „Со државната матура се очекува да се обезбеди контрола на квалитетот во средното образование, следење на реализацијата на наставните програми, заокружување на средното образование со соодветна диплома и да се помогне селекцијата за универзитетско образование“.

Во ***Прегледот на ОЕЦД за евалуацијата и оценувањето во образованието во Република Македонија*** (2019 година), државната матура е оценета со највисоки оценки. Секако, дадени се и препораки за подобрување, имајќи ги предвид светските трендови за ваков тип мерење и наставните планови и програми во јавното средно образование во РСМ. На меѓународно ниво, математиката, заедно со читањето и пишувањето, се сметаат за основни компетенции кои учениците треба да ги совладаат на училиште, како и области во кои информациите за успехот на учениците се користат при селекцијата на универзитетите.

Во ***Прегледот на ОЕЦД за евалуацијата и оценувањето во образованието во Република Македонија***, дадени се следниве препораки за ревидирање на поставеноста на матурата со цел да се добијат поцелисходни резултати по клучните предмети:

- Математика да стане задолжителен предмет за да се мотивираат сите ученици да ја совладаат основната математика, а факултетите да можат да носат информирани одлуки при селекцијата на учениците за математика или други сродни програми;
- создавање две верзии за испитот по Математика – на основно и на напредно ниво – со цел да се обезбеди валидација на математичките знаења која ќе им користи на учениците. Оние ученици кои сакаат да продолжат да изучуваат математика на повисоко ниво, треба да имаат можност да изучуваат понапредни концепти, да се усовршуваат и да напредуваат;

- да се разгледа можноста за натамошно зголемување на бројот на основни предмети што се оценуваат, заради подобро совпаѓање помеѓу опсегот на предмети што се изучуваат и оние што се оценуваат;
- надворешно оценување на сите предмети за да се зголеми вредноста на предметите кои претходно биле внатрешно оценувани и севкупно да се подобри веродостојноста на резултатите од матурата;
- стандардизација на проектните задачи, на пример: преку ограничување на темите и форматот, давање онлајн-примери за прифатливи проектни задачи и насоки за тоа како училишниот кадар да ги надгледува и оценува проектите.

Во однос на овие препораки дадени од ОЕЦД, во 2020 година Државниот испитен центар ја ревидираше испитната програма за проектната задача.

Исто така, во Извештајот е запишано дека со сегашната поставеност на матурата, каде што предметите за стручно образование и обука се оценуваат на ниво на училиште, учениците кои посетуваат четиригодишно стручно образование не матурираат со диплома преку надворешно оценување во нивната струка. Тоа значи дека на учениците од стручното образование им недостасува целисходно признавање на нивните стручни вештини и дека резултатите од стручното образование не се вреднуваат со надворешно потврдување. Поради тоа, препораката во Извештајот е да се зајакне компонентата за стручно образование преку надворешно потврдување на постигнувањата на ученикот по предметите од стручното образование и поврзување на резултатите со сертификати признаени од работодавците. Ова би можело да се оствари преку вклучување на работодавци или стручни здруженија во оценувањето на учениците за стручните предмети.

Основа за имплементација на поголемиот дел од дадените препораки е промената на Законот за средното образование и носењето нова концепција за испити на крајот на средното образование. Министерството за образование и наука го отпочна процесот на носење нов закон за средното образование кој треба да биде основа за сите понатамошни промени.

## ИНСТИТУЦИИ, ОРГАНИ И ТЕЛА ОДГОВОРНИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДРЖАВНАТА МАТУРА

**Државниот испитен центар**, согласно законските надлежности, е институција одговорна за реализација на државната матура и ги реализира следните активности:

- прибира податоци за кандидатите пријавени за полагање државна матура;
- изготвува тестови како мерни инструменти за сите екстерни испити;
- технички ги дизајнира тестовите за екстерните испити;
- реализира процес на печатење и пакување на испитниот материјал;
- распишува конкурс и врши избор на оценувачи на тестовите за екстерните испити од државната матура;
- реализира обука за оценувачите на тестовите;
- именува локални координатори и тестатори;
- реализира обуки за претседателите и секретарите на училишните матурски комисии, локалните координатори и тестаторите;
- подготвува „Водич за полагање државна матура“ и „Упатство за тестаторите за спроведување на државната матура“;
- го доставува испитниот материјал до училиштата и го презема по спроведувањето на испитите;
- ги подготвува и ги спроведува екстерните испити од државната матура;
- го организира и го спроведува процесот на оценување на тест-книшките;
- ги внесува резултатите од тестовите;
- го организира и го спроведува процесот на приговори за екстерните испити од државната матура;
- изготвува анализа за психометриските карактеристики на тестовите како мерни инструменти за екстерните испити од државната матура;
- прави статистичка обработка на резултатите;
- ги доставува резултатите до училиштата;
- подготвува извештај за спроведената државна матура во тековната учебна година.

Согласно Концепцијата, директорот на Државниот испитен центар формира **државна матурска предметна комисија** за секој од предвидените екстерни испити. Државната матурска предметна комисија е составена од претседател и најмалку два члена. Претседателот, по правило, е од редот на наставно-научниот кадар од универзитетите во РС Македонија, еден од членовите е советник во Државниот испитен центар, а другите членови се средношколски наставници од соодветниот наставен предмет. Секоја државна матурска предметна комисија ги има следниве задачи:

- да го подготви материјалот за испитот (одреден број испитни задачи, стандардизирани тестови на знаење според кои ќе се проверуваат знаењата и способностите на учениците);
- да подготви упатство за оценување на задачите;

- да учествува во определувањето на прагот на положеност на испитот и утврдувањето на границите на оценките од 1 (еден) до 5 (пет).

Во училиштата се формираат **училишни матурски комисии** кои, во соработка со Државниот испитен центар, ги реализираат предвидените активности **како што се организацијата и спроведувањето на екстерните испити.** Секоја училишна матурска комисија (УМК) е составена од претседател, заменик-претседател, секретар и членови. УМК може да има поголем број членови доколку училиштето изведува настава на повеќе наставни јазици, во повеќе различни објекти или има подрачни училишта. По правило, претседател е директорот на училиштето, кој се грижи за заштита на тајноста на испитниот материјал и за севкупната организација на државната матура во училиштето.

Значајна улога во организацијата на државната матура има секретарот на УМК, чии главни задачи се: прибирање пријави од кандидатите, внесување на податоците од пријавите на кандидатите во базата на податоци, верификација на податоците од пријавените кандидати (заедно со другите членови на УМК), обезбедување просторни услови (заедно со претседателот на УМК) и учество при приемот и проверката на испитниот материјал (заедно со претседателот на УМК).

Министерот за образование и наука го формира **Државниот матурски одбор** и ова тело е одговорно да:

- ги разгледува документите за организирање и спроведување на државната матура;
- ги разгледува годишните извештаи за спроведените матурски испити во гимназиското, стручното и уметничкото образование;
- предлага прагови на положеност до министерот за образование и наука за испитите што се полагаат екстерно;
- врши други задачи кои се во функција на унапредување на државната матура во гимназиското, стручното и уметничкото образование.

Членови на ДМО се претставници од Државниот испитен центар, Министерство за образование и наука, училиштата и универзитетите.

## СТРУКТУРА НА ДРЖАВНАТА МАТУРА

Во учебната 2024/2025 година, согласно ***Концепцијата за државна матура, училишна матура и завршен испит во јавното средно образование***, матурантите полагаат два екстерни испити, два интерни испити и проектна задача. Поконкретно, според видот на образованието, структурата на државната матура е следната:

**Гимназиско образование**

1. Екстерен дел
   - задолжителен наставен предмет: Македонски јазик и литература или Албански јазик и литература или Турски јазик и литература или Српски јазик и литература;
   - еден изборен наставен предмет: Математика или странски јазик (Англиски, Француски, Германски, Руски или Италијански јазик).
2. Интерен дел
   - два изборни наставни предмети: се бираат од Листата на општообразовни наставни предмети за полагање државна матура.
3. Проектна задача

**Четиригодишно средно стручно образование**

1. Екстерен дел
   - задолжителен наставен предмет: Македонски јазик и литература или Албански јазик и литература или Турски јазик и литература или Српски јазик и литература;
   - еден изборен наставен предмет: Математика или странски јазик (Англиски, Француски, Германски, Руски или Италијански јазик).
2. Интерен дел
   - еден изборен наставен предмет: се бира од Листата на општообразовни наставни предмети за полагање државна матура;
   - еден изборен наставен предмет: се бира од Листата на стручни наставни предмети за полагање државна матура.
3. Проектна задача

**Уметничко образование**

1. Екстерен дел
   - задолжителен наставен предмет: Македонски јазик и литература или Албански јазик и литература или Турски јазик и литература или Српски јазик и литература;
   - изборен наставен предмет: странски јазик (Англиски, Француски, Германски, Руски или Италијански јазик) или Филозофија/Естетика.
2. Интерен дел

- еден изборен наставен предмет: се бира од Листата на општообразовни наставни предмети за полагање државна матура;
- еден изборен наставен предмет: се бира од Листата на стручни наставни предмети за полагање државна матура.

3. Проектна задача

## ПОДГОТОВКА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДРЖАВНАТА МАТУРА

Подготовката на екстерните испити е детално опишана во документот ***Процедури за реализација на државната матура,*** кој е донесен од директорот на Државниот испитен центар.

Испитниот материјал за екстерните испити се изготвува согласно пропишана стандардизирана постапка. Содржината на тестовите се темели на утврдени испитни програми, кои се базираат на наставните програми од прва до четврта година, според кои се реализира редовната настава во средните училишта.

**Испитните програми** се документи од јавен карактер од кои училиштата, наставниците, учениците, родителите и сите други заинтересирани лица можат да ги добијат информациите за:

- општата цел на секој матурски испит,
- содржините кои се опфатени со испитот,
- минимум потребните знаења за да се положи испитот,
- структурата на тестот,
- тежинското ниво на прашањата во тестот,
- процентуалната застапеност на темите и содржините во тестот,
- опис на испитот и начинот на оценување на постигањата на учениците.

Во овие документи – испитни програми – се дефинирани подрачјата и темите кои се основа за изготвување на испитните прашања и задачи. Согласно спецификациската шема, содржана во испитната програма, се одредува бројот на прашања и задачи со кои се проверуваат знаењата и способностите на учениците од конкретни подрачја/теми/содржини. Процесот на подготовка (составување) на испитните прашања и задачи го координираат советници од Државниот испитен центар (за соодветен екстерен испит), кои истовремено се и членови на ДМПК.

По фазата на изготвување на испитните прашања и задачи и на тестовите (за екстерниот испит по мајчините јазици се пристапува кон усогласување на тестовите), следи превод, лектура, уредување, печатење, шифрирање и пакување. Одговорните лица од Државниот испитен центар во секоја од наведените фази ги почитуваат стандардните постапки пропишани во *Процедурите за организирање и спроведување на екстерниот дел од државната матура.*

Екстерните испити на државната матура се полагаат согласно утврдена структура и начин, опишани во *Концепцијата за државна матура, училишна матура и завршен испит во јавното средно образование* и *Правилникот за начинот на полагање и оценување на резултатите на учениците на испитите во државната матура во гимназиското, стручното и уметничкото образование*.

Оваа учебна година, државната матура првпат беше организирана во голем простор, па следствено на тоа се направија и промени во *Процедурите за реализација на државната матура* кои се однесуваат на овој дел.

По добивање на податоците за кандидатите кои се пријавиле да полагаат државна матура од секретарите УМК, се пристапува кон внесување на податоците врз основа на кои Државниот испитен центар прави протоколи, односно распоред на полагање по предмети, простории и кандидати.

Согласно *Календарот за организација на учебната година во јавните средни училишта за учебната 2024/2025 година*, сите пријавени ученици – матуранти од нашата држава ги полагаат екстерните испити на ист датум и во исто време. Организирањето и спроведувањето на испитите се одвива според јасно утврдени правила и процедури. УМК го обезбедува и го уредува просторот за полагање во соработка со Државниот испитен центар. Растојанието меѓу кандидатите треба да биде 1,5 м. Оваа учебна година, на сите училишта кои се изјаснија дека немаат соодветни просторни услови, Државниот испитен центар, во соработка со универзитетите, им обезбеди просторни услови за реализација на државната матура на факултетите. На факултетите полагаа матуранти од вкупно 26 училишта, и тоа на:

- Универзитетот „Гоце Делчев“, Штип;
- Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово;
- Државниот универзитет во Тетово;
- Техничкиот факултет во Битола и Економскиот факултет во Прилеп при Универзитетот „Св. Климент Охридски“;
- Земјоделскиот факултет, ФИНКИ, Машинскиот факултет, Градежниот факултет, Технолошкиот факултет, Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Скопје.

Училишната матурска комисија е задолжена за редот и дисциплината за време на реализацијата на испитите, почитувајќи ги *Процедурите за постапување при спроведување на државната матура во големи простории.*

**Училишната матурска комисија е должна да ги информира кандидатите дека:**

- ✓ во измените и дополнувањата на *Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на полагање и оценување на резултатите на учениците на испитите во државната матура во гимназиското, стручното и средното уметничко образование* се пропишани казнените мерки за прекршување на правилата, кои се применуваат без исклучоци;
- ✓ **НЕ СМЕАТ** да внесат телефони, паметни часовници или други електронски уреди во просториите за полагање на денот на испитот;
- ✓ во испитната просторија треба да влезат само со документ за идентификација (лична карта, пасош, ученичка легитимација, возачка дозвола) и пенкала кои пишуваат сино, како и со прибор за испитот по Математика;
- ✓ треба да бидат пристојно облечени на денот на испитот;
- ✓ на денот на испитот задолжително треба да бидат пред означениот влез на испитниот објект (училиштето или факултетот), според претходно истакнатиот распоред, **најдоцна до 9:00 часот**;
- ✓ штом ќе влезат во испитниот простор, треба да го следат лицето одредено од УМК до своето место за полагање;
- ✓ треба да проверат дали нивните лични податоци се означени на клупата на која седат;

- ✓ кога ќе го слушнат краткото ѕвонење или сигнализацијата за почеток на испитот во 10:00 ч., односно штом ќе ги примат тестовите, треба да започнат со читање на упатството на насловната страница од тестот. **Тестот не смее да се отвора пред второто ѕвонење, односно пред да се сигнализира дека е дозволено**;
- ✓ по второто ѕвонење во 10:15 ч., односно по сигнализацијата, треба да ја проверат исправноста на тестот (со прелистување на целиот тест) и, доколку е сè во ред, да започнат со решавање на тестот, во спротивно, со кревање рака да го информираат тестаторот.

**Три дена пред почетокот на испитната сесија, УМК е должна:**

- ✓ да ги прими и испечати: *Списокот на кандидати по испитни простории и Формуларот за идентификација на учениците – Протоколот,* како и да ги испечати постерите (на хартија со А3-формат), кои претходно се испратени на официјалните е-адреси на училиштата;
- ✓ да направи групирање на протоколите според големите простории со кои располага училиштето или факултетот (ходници, спортска сала, аула, амфитеатар и сл.), односно да изготви распоред која „испитна просторија“ во која голема просторија ќе биде сместена. Во училиштата каде што се спроведува повеќејазична настава, кандидатите НЕ треба да бидат одвојувани според јазикот на којшто ја следат наставата. **Во една голема просторија, кандидатите треба да се сместат наизменично, односно една група на еден јазик, па потоа друга група на друг јазик.** Доколку има пријавени кандидати со посебни образовни потреби, сите тие се сместуваат во една просторија;
- ✓ да назначи дежурни лица од редот на вработените кои ќе бидат задолжени да стојат на секој влез во училиштето/факултетот, како и лица за спроведување на кандидатите до испитната просторија;
- ✓ да ги објави: *распоредот по големи испитни простории, списокот на кандидати по „испитни простории“ и постерите* на видно место (огласна табла и на сите влезови во училиштето/факултетот).

За кандидатите со посебни образовни потреби, во зависност од потребното прилагодување, се обезбедуваат дополнителни услови согласно прописите. Целокупниот испитен материјал се печати и пакува во ДИЦ.

На денот на испитот, Државниот испитен центар најдоцна до 8:00 часот го доставува испитниот материјал (тестови, резервни тестови, баркодови, распоред на тестатори по простории) до секоја училишна матурска комисија. Екстерните испити се полагаат во испитни простории за кои се одредени тестатори, кои се одговорни за почитување на правилата. Согласно бројот на потребни тестатори, секое училиште до Државниот испитен центар пријавува листа на вработени (од редот на наставниците и стручните соработници). Изборот на тестаторите се прави според однапред утврдени критериуми. За тестатор не може да биде назначено лице кое предава наставен предмет што се полага како екстерен испит на денот за кој е назначено, ниту, пак, во училиштето во кое работи. Внесот на тестаторите се реализира електронски во посебно изготвен модул, кој овозможува автоматска распределба на тестаторите по училишта и по испитни простории, креирање решенија и нивна дистрибуција.

И за учебната 2024/2025 година, како и во претходната година, тестовите за екстерните испити на **државната матура** се подготвуваа според скратени испитни програми, подготвени од Бирото за развој на образованието.

Почетокот на сите екстерни испити беше во 10:00 часот, но имаа различно времетраење кое е пропишано согласно испитната програма (испитите по мајчините јазици оваа испитна сесија траеја 210 минути, по Француски јазик, Германски јазик, Руски јазик, Италијански јазик и Математика – 180 минути, а испитите по Англиски јазик, Филозофија и Естетика траеја по 150 минути).

Во јунскиот испитен рок, екстерните испити од државната матура се реализираа на следните датуми:

- 31.5.2025 г. – Македонски јазик и литература, Албански јазик и литература, Турски јазик и литература и Српски јазик и литература;
- 11.6.2025 г. – Математика, Англиски јазик, Француски јазик, Германски јазик, Руски јазик, Италијански јазик, Филозофија и Естетика.

Во августовскиот испитен рок, екстерните испити од државната матура се реализираа на следните датуми:

- 12.8.2025 г. – Македонски јазик и литература, Албански јазик и литература, Турски јазик и литература и Српски јазик и литература;
- 14.8.2025 г. – Математика, Англиски јазик, Француски јазик, Германски јазик, Руски јазик, Италијански јазик, Филозофија и Естетика.

По спроведувањето на државната матура и по објавувањето на резултатите на учениците, Државниот испитен центар го реализираше процесот на приговори и увид во тест-книшките.

По завршувањето на сите фази од реализацијата на државната матура, се пристапува кон анализа на психометриските карактеристики на тестовите со цел да се утврди колку тие, како мерни инструменти, точно ги измериле знаењата и способностите кај учениците.

Координаторите за екстерните испити од ДИЦ ги информираат членовите на државните матурски предметни комисии (изготвувачите на прашања и задачи) и оценувачите за резултатите од направената анализа. Целта е да се дадат насоки како да го подобрат квалитетот на испитните задачи и како да се обезбеди поголема стандардизација на тестовите. Тие се претставени во посебно поглавје на овој Извештај.

## ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ИСПИТИТЕ ВО РАМКИТЕ НА ДРЖАВНАТА МАТУРА ВО УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА

Државниот испитен центар, како и претходните години, согласно Планот и процедурите за организирање и спроведување на државната матура ја реализираше државната матура навремено и успешно и во учебната 2024/2025 година.

Во јунскиот испитен рок, во учебната 2024/2025 година се пријавија да полагаат државна матура вкупно 15.004 ученици/матуранти, што претставува мало зголемување во однос на претходната година (во учебната 2023/2024 беа пријавени 14.834 матуранти). Од нив: 5.965 – ученици од гимназиското образование, 8.817 – ученици од стручното образование и 222 – ученици од уметничкото образование. Од вкупниот број пријавени матуранти, според наставниот јазик, 10.158 матуранти следеле настава на македонски наставен јазик, 4.528 матуранти следеле настава на албански наставен јазик и 308 матуранти следеле настава на турски наставен јазик.

Иако е забележано мало зголемување на бројот на кандидати во однос на претходната година, сепак постојат разлики според типот на образование. Гимназиското образование бележи мало намалување, што укажува на намален интерес за општообразовните програми. Стручното образование, напротив, бележи раст, што може да се поврзе со зголемена ориентација кон практични и применливи професии. Овие промени, иако не се драматични, укажуваат на постепена пренасоченост на интересот на младите кон стручното образование.

Табела 1: Број на пријавени кандидати за полагање на екстерните испити од државната матура во јунскиот испитен рок

| Наставен предмет (испит) | Бр. на пријавени кандидати | Бр. на присутни кандидати | Бр. на отсутни кандидати | Отсутни кандидат и во % |
|---|---|---|---|---|
| Македонски јазик и литература | 9969 | 760 | 209 | 2,10 |
| Албански јазик и литература | 4339 | 4.154 | 185 | 4,26 |
| Турски јазик и литература | 292 | 283 | 9 | 3,08 |
| Српски јазик и литература | 10 | 10 | 0 | 0,00 |
| Англиски јазик | 13457 | 13000 | 457 | 3,40 |
| Француски јазик | 24 | 24 | 0 | 0,00 |
| Германски јазик | 73 | 72 | 1 | 1,37 |
| Руски јазик | 4 | 3 | 1 | 25,00 |
| Италијански јазик | 3 | 3 | 0 | 0,00 |
| Математика | 1246 | 1239 | 7 | 0,56 |
| Филозофија | 7 | 7 | 0 | 0,00 |
| Естетика | 62 | 59 | 3 | 4,84 |
| **Вкупно** | **29486** | **28614** | **872** | **2,96** |

Во јунскиот испитен рок за полагање на наставните предмети Македонски јазик и литература, Албански јазик и литература, Турски јазик и литература и Српски јазик и литература се пријавиле вкупно 14610 кандидати. Од нив, 14207 присуствувале на денот на испитот, додека 403 кандидати (2,76 %) биле отсутни на денот на реализација на задолжителниот екстерен испит.

На вториот ден на спроведување на екстерните испити од државната матура во јунскиот испитен рок, матурантите ги полагаа испитите: Англиски јазик, Француски јазик, Германски јазик, Руски јазик, Италијански јазик, Математика, Филозофија и Естетика. За полагање на овие предмети беа пријавени вкупно 14876 кандидати, а на денот на полагањето присуствувале 14407 кандидати, додека 469 (3,15 %) биле отсутни.

Од вкупниот број пријавени кандидати, 872 кандидати (2,96 %) биле отсутни на денот на спроведувањето на испитите во јунскиот испитен рок. Дел од нив се предомислиле за полагање на државната матура, односно се префрлиле да полагаат училишна матура или завршен испит, додека дел од нив не ја завршиле последната година од четиригодишното средно образование со редовна настава. Појавата на отсутни кандидати се повторува години наназад и претставува предизвик за кој треба да се најде решение затоа што Државниот испитен центар подготвува испитни материјали за сите пријавени кандидати.

Имајќи предвид колку екстерни испити полага секој пријавен матурант, во јунската сесија беа испечатени и спакувани вкупно 33000 тест-книшки.

Во учебната 2024/2025 година со диплома за државна матура се здобиле вкупно 13747 матуранти, за училишна матура – 356, а со диплома за завршен испит – 3353 матуранти. Без диплома останале само 401 матурант.

Табела 2: Дистрибуција на оценки на екстерни испити од државната матура во јунскиот испитен рок

| **Наставен предмет (екстерен испит)** | **Не положиле** | | **Положиле со оценка** | | | | | | | | **Сред-на оцен-ка** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **2** | | **3** | | **4** | | **5** | | |
| | **Бр.** | **Во %** | **Бр.** | **Во %** | **Бр.** | **Во %** | **Бр.** | **Во %** | **Бр.** | **Во %** | |
| Македонски јазик и литература | 366 | 3,75 | 935 | 9,58 | 2456 | 25,16 | 4536 | 46,36 | 1478 | 15,14 | 3,60 |
| Албански јазик и литература | 145 | 3,49 | 234 | 5,63 | 839 | 20,20 | 1837 | 44,22 | 1099 | 26,46 | 3,85 |
| Турски јазик и литература | 4 | 1,41 | 7 | 2,47 | 64 | 22,61 | 147 | 51,94 | 61 | 21,55 | 3,90 |
| Српски јазик и литература | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 6 | 60,00 | 4 | 40,00 | 4,40 |
| Англиски јазик | 685 | 5,27 | 1236 | 9,51 | 2828 | 21,75 | 5473 | 42,10 | 2778 | 21,37 | 3,65 |
| Француски јазик | 1 | 4,17 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 4 | 16,67 | 19 | 79,17 | 4,67 |
| Германски јазик | 4 | 5,56 | 3 | 4,17 | 3 | 4,17 | 11 | 15,28 | 51 | 70,83 | 4,42 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Руски јазик | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 2 | 66,67 | 1 | 33,33 | 4,33 |
| Италијански јазик | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 1 | 33,33 | 1 | 33,33 | 1 | 33,33 | 4,00 |
| Математика | 47 | 3,79 | 89 | 7,18 | 158 | 12,75 | 294 | 23,73 | 651 | 52,54 | 4,14 |
| Филозофија | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 2 | 28,57 | 5 | 71,43 | 0 | 0,00 | 3,71 |
| Естетика | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 4 | 6,78 | 55 | 93,22 | 4,93 |
| **Вкупно** | **1252** | **4,38** | **2504** | **8,75** | **6351** | **22,20** | **12309** | **43,02** | **6198** | **21,66** | **3,69** |

Анализата на резултатите покажува значајни разлики во успехот по предмети. Највисоки просечни оценки, како и вообичаено, матурантите имаат по предметите: Француски јазик, Германски јазик, Руски јазик, Италијански јазик, Математика и Естетика. По сите овие предмети просечната оценка е над 4, а по Естетика просечната оценка е дури 4,93. Високите постигања на испитите по Германски јазик и Француски јазик се должат на фактот што најголемиот број од учениците кои се пријавиле да ги полагаат овие испити се дел од билингвалните паралелки, каде јазикот е застапен од четири до седум часа неделно, а испитната програма, односно тестот, е направена за содржините застапени на редовната настава. Сите овие предмети ги полагаат помал број кандидати. Од друга страна, мајчиниот јазик, кој е задолжителен за сите матуранти, има средна оценка 3,60, а Англиски јазик, односно предметот кој го бираат за полагање најголем број матуранти, има средна оценка 3,65.

Во јунскиот испитен рок, на сите екстерни испити, вкупно 6198 теста (21,66 %) се оценети со највисока оценка, односно со 5. Со најниска оценка, односно со единица се оценети 1252 теста, односно 4,38 % од тестовите од сите предмети кои се полагаат екстерно. Од друга страна, дури повеќе од 40 % од тестовите се оценети со оценка 4. Преостанатите 22,2 % од тестовите се оценети со оценка 3 и 8,75 % се оценети со оценка 2.

Во јунскиот испитен рок, од вкупниот број пријавени кандидати кои полагале, 8025 се девојчиња и 6979 се момчиња.

Табела 3: Просечни постигања на кандидатите на екстерен испит од државната матура во јунскиот испитен рок по пол

| **Наставен предмет (екстерен испит)** | **Женски пол** | | **Машки пол** | |
|---|---|---|---|---|
| | **Број на кандидати кои полагале** | **Средна оценка** | **Број на кандидати кои полагале** | **Средна оценка** |
| Македонски јазик и литература | 5276 | 3,78 | 4693 | 3,37 |
| Албански јазик и литература | 2424 | 4,02 | 1915 | 3,60 |
| Турски јазик и литература | 164 | 3,96 | 128 | 3,80 |
| Српски јазик и литература | 6 | 4,5 | 4 | 4,25 |
| Англиски јазик | 7284 | 3,79 | 6173 | 3,47 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Француски јазик | 13 | 4,46 | 11 | 4,90 |
| Германски јазик | 58 | 4,38 | 15 | 4,53 |
| Руски јазик | 2 | 4,5 | 2 | 2,00 |
| Италијански јазик | 3 | 4,00 | 0 | 0,00 |
| Математика | 598 | 4,30 | 648 | 3,98 |
| Филозофија | 6 | 3,66 | 1 | 4,00 |
| Естетика | 30 | 4,92 | 32 | 4,93 |

Податоците од јунскиот испитен рок покажуваат јасни разлики во просечните оценки меѓу женските и машките кандидати. Во најголемиот дел од предметите, женските кандидати постигнуваат повисоки просечни оценки од машките кандидати. Машките кандидати имаат повисока просечна оценка само по предметите Француски и Германски јазик, а кај предметот Естетика просечните постигања се речиси исти.

Табела 4: Просечен процент на решеност на екстерните испити од јунскиот испитен рок по вид на образование

| Наставен предмет (екстерен испит) | Гимназиско | | Стручно | | Уметничко | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Бр. на кандида-ти кои полагале** | **Просечен процент на решеност** | **Бр. на кандида-ти кои полагале** | **Просечен процент на решеност** | **Бр. на кандида-ти кои полагале** | **Просечен процент на решеност** |
| Македонски јазик и литература | 3924 | 69,05 | 5653 | 61,02 | 183 | 59,93 |
| Албански јазик и литература | 1660 | 70,09 | 2465 | 67,12 | 29 | 60,62 |
| Турски јазик и литература | 167 | 69,74 | 116 | 67,54 | / | / |
| Српски јазик и литература | 10 | 76,08 | / | / | / | / |
| Англиски јазик | 4856 | 75,02 | 8005 | 66,83 | 139 | 68,46 |
| Германски јазик | 62 | 83,85 | 9 | 52,82 | 1 | / |
| Француски јазик | 22 | 90,91 | 2 | / | / | / |
| Руски јазик | 3 | 86,67 | / | / | / | / |
| Математика | 864 | 82,31 | 375 | 64,85 | / | / |
| Филозофија | / | / | / | / | 7 | 67,08 |
| Естетика | / | / | / | / | 62 | 94,89 |

Табела 5: Дистрибуција на оценките на екстерните испити во јунскиот испитен рок во гимназиското образование

| Наставен предмет (екстерен испит) | Не положиле | | Положиле со оценка | | | | | | | | Сред-на оцен-ка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2 | | 3 | | 4 | | 5 | | |
| | Бр. | Во % | Бр. | Во % | Бр. | Во % | Бр. | Во % | Бр. | Во % | |
| Македонски јазик и литература | 60 | 1,50 | 175 | 4,39 | 747 | 18,75 | 2060 | 51,71 | 882 | 22,14 | 3,90 |
| Албански јазик и литература | 38 | 2,21 | 54 | 3,15 | 302 | 17,61 | 818 | 47,72 | 447 | 26,07 | 3,95 |
| Турски јазик и литература | 2 | 1,16 | 3 | 1,74 | 39 | 22,67 | 84 | 48,83 | 39 | 22,67 | 3,92 |
| Српски јазик и литература | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 |
| Англиски јазик | 114 | 2,28 | 259 | 5,20 | 754 | 15,14 | 2281 | 45,81 | 1448 | 29,08 | 3,96 |
| Француски јазик | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 4 | 18,18 | 18 | 81,81 | 4,81 |
| Германски јазик | 1 | 1,58 | 2 | 3,17 | 2 | 3,17 | 10 | 15,87 | 47 | 74,60 | 4,61 |
| Руски јазик | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 2 | 66,66 | 1 | 33,33 | 4,33 |
| Италијански јазик | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 1 | 33.33 | 1 | 33.33 | 1 | 33,33 | 4,00 |
| Математика | 12 | 1,38 | 36 | 4,15 | 77 | 8,89 | 195 | 22,51 | 543 | 62,70 | 4,41 |
| Вкупно | 227 | 1,96 | 529 | 4,58 | 1922 | 16,63 | 5455 | 47,19 | 3426 | 29,64 | 3,96 |

На околу три четвртини од матурантите во гимназиското образование тестовите од државната матура во јунскиот испитен рок им биле оценети со оценка 4 или со 5, односно дури 47,19 % со оценка 4 и 29,64 % со оценка 5. Од друга страна, само 1,96 % од тестовите во јунскиот испитен рок биле оценети со најниска оценка, односно со „не положиле“.

Табела 6: Дистрибуција на оценките од екстерните испити во јунскиот испитен рок во средното стручно образование

| Наставен предмет (екстерен испит) | Не положиле | | Положиле со оценка | | | | | | | | Средна оценка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2 | | 3 | | 4 | | 5 | | |
| | Бр. | Во % | Бр. | Во % | Бр. | Во % | Бр. | Во % | Бр. | Во % | |
| Македонски јазик и литература | 297 | 5,12 | 739 | 12,75 | 1643 | 28,35 | 2384 | 41,13 | 590 | 10,18 | 3,39 |
| Албански јазик и литература | 107 | 4,12 | 176 | 6,78 | 523 | 20,15 | 1008 | 38,84 | 650 | 25,04 | 3,77 |
| Турски јазик и литература | 2 | 1,66 | 4 | 3,33 | 25 | 20,83 | 63 | 52,5 | 22 | 18,33 | 3,85 |
| Англиски јазик | 567 | 6,80 | 968 | 11,62 | 2026 | 24,32 | 3124 | 37,50 | 1316 | 15,80 | 3,45 |
| Француски јазик | 1 | 50,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 1 | 50,00 | 3,00 |
| Германски јазик | 3 | 33,33 | 1 | 11,11 | 1 | 11,11 | 1 | 11,11 | 3 | 33,33 | 3,00 |
| Руски јазик | 1 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 |
| Математика | 379 | 9,23 | 53 | 13,98 | 81 | 21,37 | 99 | 26,12 | 107 | 28,23 | 3,50 |
| Вкупно | 1357 | 8,00 | 1941 | 11,44 | 4299 | 25,34 | 6679 | 39,37 | 2689 | 15,85 | 3,36 |

Резултатите во стручното образование се малку пониски, но сепак доволно високи. Дури 55 % од тестовите од екстерните испити во јунскиот испитен рок во стручното образование се оценети со оценка 4 или со 5. Од друга страна, 1357 теста, односно 8 % од тестовите што се оценуваат екстерно, се оценети со оценка недоволен 1, односно не положиле.

Табела 7: Дистрибуција на оценките од екстерните испити во јунскиот испитен рок во уметничкото образование

| Наставен предмет (екстерен испит) | Не положиле | | Положиле со оценка | | | | | | | | Средна оценка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2 | | 3 | | 4 | | 5 | | |
| | Бр. | Во % | Бр. | Во % | Бр. | Во % | Бр. | Во % | Бр. | Во % | |
| Македонски јазик и литература | 9 | 4,71 | 21 | 10,99 | 66 | 34,55 | 81 | 42,40 | 6 | 3,14 | 3,29 |
| Албански јазик и литература | 0 | 0,00 | 4 | 13,79 | 14 | 48,27 | 9 | 31,03 | 2 | 6,89 | 3,31 |
| Англиски јазик | 4 | 2,77 | 9 | 6,25 | 46 | 31,94 | 67 | 46,52 | 13 | 9,02 | 3,54 |
| Германски јазик | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 1 | 100,00 | 5,00 |
| Филозофија | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 2 | 28,57 | 5 | 71,42 | 0 | 0,00 | 3,71 |
| Естетика | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 4 | 6,45 | 55 | 88,70 | 4,93 |
| Вкупно | 13 | 3,11 | 34 | 8,13 | 128 | 30,62 | 166 | 39,71 | 77 | 18,42 | 3,59 |

Слични се резултатите и во средното уметничко образование. Околу 70 % од учениците тестовите од екстерните испити од државната матура во јунскиот испитен рок ги положиле со оценка 4 или со 5. Од друга страна, само 3,11 % од тестовите се оценети со оценка недоволен 1.

Податоците од државната матура од јунскиот испитен рок во 2025 година, како и во претходните години, потврдуваат дека матурантите од гимназиското образование постигнуваат повисоки просечни оценки во споредба со матурантите од стручното и уметничкото образование. Средната оценка на матурантите од гимназиското образование изнесува 3,96, на матурантите од уметничкото образование – 3,59, а на матурантите во стручното образование – дури 3,36. Овој тренд е очекуван и доследен на анализите од претходните години, имајќи предвид дека гимназијалците учат според наставни програми со поголем фонд на часови за предметите опфатени со државната матура, особено за мајчин јазик, Англиски јазик и Математика.

И покрај ревизијата на испитната програмата по Англиски јазик, поради наставната програма на стручните училишта, сепак, резултатите покажуваат дека структурните разлики во наставните планови и фондот на часови сè уште влијаат врз постигањата. Затоа, потребно е да се продолжи со реформа на Концепцијата за државната матура со цел да се обезбеди правична евалуација на учениците според нивниот образовен профил.

Дополнително, податоците укажуваат на висок потенцијал кај учениците од уметничките училишта, особено по предмети како Естетика, што отвора можности за понатамошна поддршка и развој на овие програми или проширување на Концепцијата со друг изборен предмет.

Во августовскиот испитен рок во 2025 година, за полагање на екстерните испити во државната матура се пријавиле 1118 кандидати, од кои 265 кандидати се од гимназиското образование, 835 кандидати се од средното стручно образование и 18 кандидати се од средното уметничко образование.

Табела 8: Пријавени кандидати по екстерен испит во августовскиот испитен рок од државната матура

| **Наставен предмет (екстерен испит)** | **Број на кандидати** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **пријавени** | **присутни** | **отсутни** | **отсутни во %** |
| Македонски јазик и литература | 352 | 287 | 65 | 18,47 |
| Албански јазик и литература | 225 | 149 | 76 | 33,78 |
| Турски јазик и литература | 9 | 6 | 3 | 33,33 |
| Српски јазик и литература | 0 | 0 | 0 | 0,00 |
| Англиски јазик | 779 | 589 | 190 | 24,39 |
| Француски јазик | 1 | 1 | 0 | 0,00 |
| Германски јазик | 2 | 0 | 2 | 100,00 |
| Руски јазик | 0 | 0 | 0 | 0,00 |
| Италијански јазик | 0 | 0 | 0 | 0,00 |
| Математика | 27 | 22 | 5 | 18,52 |
| Филозофија | 0 | 0 | 0 | 0,00 |
| Естетика | 1 | 0 | 1 | 100,0 |
| **Вкупно** | **1396** | **1054** | **342** | **24,50** |

Во августовскиот испитен рок за полагање екстерни испити од државната матура се пријавиле вкупно 1396 кандидати. Од нив, на денот на испитот присуствувале 1054 кандидати, додека 342 кандидати на денот на испитот биле отсутни, што претставува висока стапка на отсуство од 24,5 %. Ова е значително зголемување во споредба со минатата година кога процентот на отсуство изнесуваше 16 %. Овие бројки укажуваат на сериозен проблем, особено ако се земе предвид дека кандидатите кои се пријавуваат во августовскиот испитен рок се претежно оние кои не положиле или биле отсутни во јунската сесија.

Отсуството на пријавените кандидати на полагањето на испитите (особено во августовската сесија) е проблем со кој Државниот испитен центар се соочува веќе повеќе години наназад. Ваквата состојба уште еднаш ја истакнува економската неоправданост на августовската сесија како што е моментално дефинирана во подзаконските акти.

Имајќи го предвид бројот на екстерни испити што ги полага секој пријавен матурант во јунскиот и августовскиот испитен рок, како и бројот на испечатени резервни тестови (кој изнесува околу 10 % дополнително), вкупно беа испечатени и спакувани 33000 тест-книшки во јунската сесија и 1550 тест-книшки во августовската сесија.

Како и во претходните испитни години, така и во 2024/2025 година, резултатите од августовскиот испитен рок покажуваат дека општиот успех на кандидатите е значително понизок во споредба со резултатите од јунската сесија. Доминантни се оценките 2 и 3, а многу мал број кандидати постигнале високи оценки.

Табела 9: Постигнат успех во августовската испитна сесија по екстерен испит

| Наставен предмет (екстерен испит) | Не положиле | | Положиле со оценка | | | | | | | | Средна оценка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2 | | 3 | | 4 | | 5 | | |
| | Бр. | Во % | Бр. | Во % | Бр. | Во % | Бр. | Во % | Бр. | Во % | |
| Македонски јазик и литература | 90 | 25,56 | 131 | 37,21 | 49 | 13,92 | 15 | 4,26 | 2 | 0,56 | 1,98 |
| Албански јазик и литература | 60 | 26,66 | 53 | 23,55 | 28 | 12,44 | 7 | 3,11 | 1 | 0,44 | 1,89 |
| Турски јазик и литература | 2 | 22,22 | 1 | 11,11 | 2 | 22,22 | 1 | 11,11 | 0 | 0,00 | 2,6 |
| Англиски јазик | 299 | 38,38 | 148 | 18,99 | 70 | 8,98 | 59 | 7,57 | 13 | 1,66 | 1,87 |
| Француски јазик | 1 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 1,00 |
| Германски јазик | 1 | 50,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 4 | 50,00 | 0 | 0,00 | 2,5 |
| Руски јазик | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 |
| Математика | 9 | 33,33 | 11 | 40,74 | 2 | 7,40 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 1,68 |
| Филозофија | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 |
| Естетика | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 |
| Вкупно | 462 | 43,63 | 344 | 32,48 | 151 | 14,26 | 86 | 8,12 | 16 | 1,51 | 1,91 |

Резултатите за екстерните испити од августовската испитна сесија покажуваат дека голем дел од учениците се соочиле со предизвици при совладување на наставните содржини, што е и очекувано. Во августовскиот испитен рок, главно, полагаат матуранти кои во јунскиот испитен рок не положиле. Најмногу ученици, како и во изминатите години, полагале Англиски јазик, каде што се забележува висок број на неположени тестови и во јунскиот и во августовскиот испитен рок. Кај Македонски јазик и литература и кај Албански јазик и литература резултатите се нешто подобри, но и тука доминираат пониските оценки. Додека пак кај Турски јазик и литература и Германски јазик, со мал број ученици, се постигнати малку повисоки средни оценки. Математиката останува еден од најпредизвикувачките предмети, каде што речиси нема високи оценки, а значителен број ученици не успеале да го положат испитот.

Врз основа на податоците од августовската испитна сесија во 2025 година, може да се потврди и надгради заклучокот од претходните години: августовскиот испитен рок останува проблематичен и спорен – и од економски и од педагошки аспект.

## ШТО СЕ ПРОВЕРУВА СО ЕКСТЕРНИТЕ ИСПИТИ?

### Македонски јазик и литература/Албански јазик и литература/Турски јазик и литература/Српски јазик и литература

Испитните прашања и тестовите за државната матура во учебната 2024/2025 година за предметите Македонски јазик и литература, Албански јазик и литература, Турски јазик и литература и Српски јазик и литература се изработени врз основа на актуелните испитни програми. Содржинската структура на тестовите е унифицирана за сите јазични предмети, обезбедувајќи еднаков пристап и стандард. Единствените разлики во тестовниот материјал се однесуваат на авторите и литературните дела од националната книжевност, како и на специфичностите поврзани со јазичната област кај секој од предметите. Преку идентични типови задачи се оценуваат клучните јазично-литературни компетенции на учениците, и тоа:

- анализа на автор и литературно дело од светската книжевност;
- читање со разбирање на текст;
- писмено изразување и аргументирање.

Сето ова подразбира дека содржината на тестовите по овие предмети е усогласена во повеќе од 80 %. Оваа усогласеност овозможува еднаков пристап кон проверката на знаењата и вештините, независно од наставниот јазик.

Разлики постојат само во подрачјето Јазик и при изборот на дела од националната книжевност. Воедно, во прашањата во подрачјето Јазик и за претставниците на националната литература се внимава барањата да бидат поставени во ист контекст.

Тестовите по мајчините јазици беа изготвени врз основа на измените на испитната програма направени во учебната 2023/2024 година, согласно барањата на матурантите за олеснување на испитот по мајчин јазик.

Измените опфатија:

- намалување на максималниот број бодови на тестот од 80 на 74;
- скратување на времетраењето на испитот од 240 на 210 минути;
- ревидирање на критериумите за задачата „Пишување“, преку намалување на долната и горната граница на бројот на зборови.

Бројот на прашања во тест-книшките за двете испитни сесии остана непроменет во однос на претходната учебна година. Во подготовката на испитниот материјал (тест и упатство за оценување) за испитните сесии јуни/август 2025 година за мајчините јазици се почитуваа стандардизираните правила.

Тест-книшката за државната матура во учебната 2024/2025 година содржеше 26 прашања со вкупно 61 барање, при што е почитуван процентот на исти содржини во тестовите за четирите мајчини јазици во однос на способностите: Книжевна анализа,

Читање со разбирање, Пишување и за подрачјето Јазик. Согласно концепцијата на тестот, учениците пишуваа и еден текст со право на избор меѓу две теми, кој се вреднува со три критериуми, секој со различен број бодови. Насоките за реализација на испитот беа објавени на официјалната веб-страница на Државниот испитен центар во јануари 2025 година.

Во структурата на тестот, задачите и барањата беа систематски распоредени според испитуваните **способности**, и тоа:

- **Книжевна анализа** – опфатена со 3 задачи и 22 барања,
- **Читање со разбирање** – опфатено со 2 задачи и 18 барања,
- **Пишување** – опфатено со 1 задача,
- **Јазик (подрачје)** – дополнително беа вклучени 21 задача поврзани со јазични знаења, кои се надоврзуваат на задачата за Пишување.

Максималниот број бодови што учениците можеа да го освојат изнесуваше 74. Од нив, 61 бод беа распределени на задачите од областите Книжевна анализа, Читање со разбирање и Јазик (со поединечно бодирање од 1 бод по задача), додека преостанатите 13 бода беа наменети за оценување на способноста Пишување, според утврдени критериуми.

Преку барањата во задачите беа проверувани повеќе цели од испитната програма, со што се овозможи проценка на специфични знаења и умеења од сите испитувани способности, како и од подрачјето Јазик.

Учениците имаа на располагање 210 минути за решавање на вкупно 26 испитни прашања, како и за изработка на задачата од делот Пишување.

## Англиски јазик

Испитниот материјал за предметот Англиски јазик за државната матура во учебната 2024/2025 година се темелеше на новата и преодна испитна програма, изготвена по спроведеното пробно тестирање во октомври 2024 година.

Тестот за оваа испитна година содржеше седум задачи со вкупно 30 барања.

Во содржината на тестот, задачите и барањата беа распоредени според вештините:

- со две задачи и 15 барања се тестираше вештината Читање со разбирање;
- со три задачи и 10, односно 25[1] барања се тестираше вештината Примена на јазични елементи во контекст;
- со две задачи и шест, односно девет[2] барања (критериуми) се проверуваше вештината Пишување.

[1] Во испитната програма задачата бр. 3 има седум барања, но во анализата е претставен резултатот на вкупниот број бодови (7).

Максималниот број бодови што можеше да се добие на овој тест е 65[2]. Вештината Пишување се бодираше со вкупно 25 бода, додека преостанатите 40 бода беа распределени на задачите од вештините Читање со разбирање и Примена на јазични елементи во контекст, кои се бодираа со по еден бод.

Учениците за време од 150 минути требаше да ги одговорат предвидените 7 испитни задачи.

## Германски јазик, Француски јазик, Руски јазик и Италијански јазик

Од оваа учебна година, во државната матура првпат се воведе и Италијанскиот јазик како екстерен изборен предмет.

Општата цел на испитите по Германски, Француски, Руски и Италијански јазик е да се провери на кое ниво учениците се оспособени да разберат прочитан текст, да напишат, како и да применат јазични елементи во контекст.

Проверката на знаењата и способностите на учениците се реализираше преку тест кој содржи три дела. Со делот Читање се проверува: колку учениците ја разбираат главната идеја во даден текст на германски/француски/руски или италијански јазик, како ја разбираат логичната поврзаност на речениците и колку ги разбираат лексичките и граматичките обрасци во текстот. Ова подрачје во тестот се проверува преку неколку типа прашања: прашања со повеќечлен избор, прашања со поврзување и прашања со пополнување празнини во текст. Вкупниот број бодови на овие прашања изнесува 20.

Со делот Пишување се проверуваат две цели – оспособеноста на учениците да напишат писмо (формално и неформално) и оспособеноста да напишат јасен текст на позната тема. Делот Пишување во тестот е застапен со прашања чиј вкупен број бодови е 35, а делот Примена на јазични елементи во контекст е застапен со број на прашања чиј вкупен број бодови е 10. Максималниот број бодови на тестовите по овие странски јазици е 65, а времето за решавање е 180 минути.

## Математика

Испитот по Математика оваа учебна година, втора учебна година по ред, се реализираше според испитната програма донесена во 2022 година. Испитната програма е заснована на наставните програми по Математика за гимназиското и средното стручно образование. Таа ги содржи подрачјата кои се пресек на содржините што се изучуваат во гимназиското и во средното стручно образование и кои комисијата што ја изготвувала испитната програма проценила дека треба да бидат вклучени во матурскиот испит. Со

[2] Во текот на тестирањето на клучот и упатството за оценување, комисијата забележа неправилност во барањето 2.5 и тоа беше исклучено од оценување. Тоа значи дека вкупниот број бодови во тестот наместо 65 изнесуваше 64.

испитот се проверуваат знаењата и способностите на учениците од пет математички подрачја: Математичка логика и множества, Реални и комплексни броеви, Алгебра, Геометрија и Тригонометрија, распоредени во четири тежински нивоа. Со задачите од способноста С1 се проверува колку учениците ги знаат математичките поими, фактите и постапките. Со задачите од втората способност – С2 се проверува колку учениците се оспособени да ги користат математичките поими, фактите и постапките. Со задачите од способноста С3 се проверува колку учениците умеат да решаваат едноставни проблеми и со задачите од С4-способноста се проверува колку учениците се оспособени да расудуваат, односно да размислуваат логички и систематски.

Општата цел на испитот по Математика е да се провери дали ученикот со стекнатото знаење е подготвен да расудува логички, да решава проблеми, да ги користи соодветно математичкото знаење и способностите во различни контексти, правилно да проценува и одредува најсоодветни методи за решавање дадени проблеми, разбирајќи ја меѓусебната поврзаност на математичките подрачја.

Тестотвите по Математика во јунскиот и августовскиот испитен рок во учебната 2024/2025 година, како и во претходната година, содржеа 30 задачи од наведените подрачја, при што 15 задачи се од затворен тип, 5 задачи се со краток одговор и 10 задачи се со целосна постапка на решавање. Времето за решавање на тестот по Математика е 180 минути.

## Филозофија

Испитниот материјал за предметот Филозофија за државната матура во учебната 2024/2025 година беше изготвен согласно испитната програма. Испитната програма за реализација на овој испит е поставена на веб-страницата на ДИЦ. При изготвувањето на тестовите и упатствата за оценување за испитните сесии јуни/август 2025 година се почитуваа воспоставените правила и процедури за подготовка на тест за екстерен испит во рамките на државната матура, кои се дел од испитната програма за Филозофија.

Тестот за оваа година содржеше 52 задачи со вкупно 69 барања.

Во содржината на тестот, прашањата и барањата беа распоредени според подрачјата, а тие се следните:

- Античка филозофија;
- Средновековна филозофија;
- Нововековна филозофија;
- Современа филозофија;
- Филозофија на XX век.

Максималниот број бодови што можеше да се добие на тестовите за учебната 2024/2025 за двата испитни рока е по 69 бода.

Учениците предвидените 52 задачи ги одговараа во рок од 150 минути.

## Естетика

Испитниот материјал за предметот Естетика за државната матура во учебната 2024/2025 година беше изготвен согласно испитната програма. Во изготвувањето на испитниот материјал (тест и упатство за оценување) за испитните сесии јуни/август 2025 година се почитуваа воспоставените правила и процедури за подготовка на тест за екстерен испит во рамките на државната матура, кои се дел од испитната програма за Естетика.

Тестот за оваа испитна година содржеше 49 задачи со вкупно 62 барања. Испитната програма за реализација на овој испит е поставена на веб-страницата на ДИЦ.

Во содржината на тестот, прашањата и барањата беа распоредени според следните подрачја:

- Што е уметноста;
- Историја на естетички идеи;
- Уметноста како комуникација;
- Естетски вредности;
- Уметничко дело;
- Уметностите и нивните карактеристики;
- Улогата на уметникот;
- Вкусот и оценката;
- Уметноста во современиот свет.

Максималниот број бодови на овој тест изнесува 62. Времето за решавање на тестот по Естетика е 150 минути.

## АНАЛИЗА НА ЕКСТЕРНИТЕ ТЕСТОВИ ОД ЈУНСКИОТ ИСПИТЕН РОК

Во продолжение е претставена анализа на резултатите од тестовите спроведени во јунската испитна сесија на државната матура во 2024/2025 година, чија цел е проверка на мерните карактеристики на тестовите од јунскиот испитен рок и на психометриските карактеристики на прашањата и задачите, како основа за обезбедување валидност, објективност и квалитет на државната матура.

### Македонски јазик и литература

Предметот Македонски јазик и литература во учебната 2024/2025 година во јунскиот испитен рок на државната матура го полагале вкупно 9760 кандидати, од кои испитот го положиле 9394 матуранти, односно само 3,75 % од кандидатите не го положиле испитот. Просечниот процент на решеност на тестот, според добиените резултати од анализата, е 64,23, односно просечно освоени се 47,53 поени од максималните 74 поени.

Од приказот на хистограмот и од анализата на резултатите се согледува дека тестот спаѓа во категоријата на тестови со умерено ниво на сложеност, без значајни отстапувања.

Графикон 1: Дистрибуцијата на вкупните резултати од тестот




Во тест-книшката беа вклучени вкупно 61 прашање/барање, од кои: 39 прашања/барања се од отворен тип и 22 прашања/барања се со повеќечлен избор. Анализата на резултатите покажува дека тежинското ниво на задачите варира во зависност од видот на прашањата. Резултатите од способноста Пишување, односно резултатите од оценувањето на есејот, не се вклучени во овој приказ.

Табела 11: Процент на точни одговори според видот на прашањата

| | Процент на точни одговори | 80 – 100 | 60 – 79 | 40 – 59 | 20 – 39 | 0 – 19 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на задачи според видот | Барања со повеќечлен избор | 13 | 6 | 2 | 1 | 0 |
| | Барања од есејски вид | 4 | 20 | 8 | 6 | 1 |

Податоците прикажани во табелата укажуваат дека прашањата со повеќечлен избор покажуваат повисока решеност кај матурантите. Имено, тринаесет задачи од овој тип се решени со точност помеѓу 80 % и 100 %, од кои две задачи имаат особено висока решеност од 96 %. Дополнително, шест задачи се решени со точност меѓу 60 % и 79 %, две задачи се решени со точност меѓу 40 % и 59 %, а само една задача (барањето 2.2) е решена со точност меѓу 20 % и 39 %. Ниту една задача од овој тип не е решена со точност под 20 %.

Кај задачите од отворен тип (есејски барања), четири задачи се решени со точност меѓу 80 % и 100 %, додека дваесет задачи се во интервалот од 60 % до 79 %, што укажува на стабилна успешност кај поголемиот дел од учениците. Осум задачи се решени со точност меѓу 40 % и 59 %, шест задачи се решени со точност меѓу 20 % и 39 %, а само една задача (задачата 3.6) е решена со точност под 19 %, што укажува на нејзина висока тежина или нејасност.

Табела 12: Просечен процент на решеност по способности/подрачја

| Способност/подрачје | Просечен процент на решеност |
|---|---|
| Книжевна анализа | 60,38 |
| Читање со разбирање | 76,16 |
| Пишување | 50,23 |
| Јазик | 66,69 |

Резултатите од јунската испитна сесија во учебната 2024/2025 година укажуваат дека учениците покажуваат највисоко ниво на совладаност во способноста Читање со разбирање, со просечна успешност од 76,16 %. Ова може да се поврзе со фактот дека наставниот процес често вклучува обработка на различни видови текстови, што придонесува за развојот на оваа способност. Во рамките на оваа способност, најнискиот процент на точност по поединечно прашање е 23 % (барањето 26.6), додека највисокиот е 96 % (барањата 25.5 и 25.8), што покажува значајна варијабилност во тежината на задачите.

Подрачјето Јазикот има втор највисок резултат – 66,69 %, што покажува умерено владеење на граматичките и лексичките аспекти.

Како и во изминатите години, така и оваа, најниски постигања се забележани во способноста Пишување, каде просечната успешност изнесува 50,23 %. Овој резултат

укажува на потреба од засилено практикување на писменото изразување во наставата; можеби во делот на аргументација и структура на текстот.

Резултатите од способноста Книжевна анализа покажуваат солидни постигања, при што се забележува тенденција на репродукција на стекнатите знаења од литературата, што укажува дека учениците генерално ги совладуваат основните литературни содржини.

Табела 13: Просечни постигања по категории и подрачја

| Категорија | | Просечни постигања (цел тест) | Бр. на канд. | Просечни постигања (по делови од тест)/број на макс. бодови | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Книжевна анализа | Читање со разбирање | Пишување | Јазик |
| Пол | женски | 67,20 | 5196 | 13,93/22 | 14,06/18 | 7,21/13 | 14,52/21 |
| | машки | 60,84 | 4564 | 12,54/22 | 13,31/18 | 5,75/13 | 13,42/21 |
| Вид образование | гимназиско | 69,05 | 3924 | 14,21/22 | 14,40/18 | 7,58/13 | 14,91/21 |
| | стручно | 61,02 | 5653 | 12,68/22 | 13,25/18 | 5,80/13 | 13,42/21 |
| | уметничко | 59,93 | 183 | 12,04/22 | 12,99/18 | 6,51/13 | 12,81/21 |

Споредено по пол и просек, предметот Македонски јазик и литература го полагале 5196 девојчиња и 4564 момчиња. Просечниот процент на решеност на тестот кај девојчињата е 67,20, а кај момчињата е 60,84. Овие разлики се статистички значајни. Во сите четири подрачја девојчињата имаа постигнато повисоки резултати од момчињата. Посебно големи се разликите во делот Пишување.

Според видот на образованието, најголем број ученици кои полагале Македонски јазик и литература се од стручното образование (5653), додека од уметничкото образование се само 183 матуранти. Постигањата на учениците од гимназиското образование се повисоки во споредба со постигањата на учениците од стручното образование и во однос на постигањата на учениците од уметничкото образование. Просечниот процент на решеност на тестот е 69,05 кај гимназијалците, 61,02 % кај матурантите од стручното образование и само 59,93 % кај матурантите од уметничкото образование. Овие разлики се статистички значајни. Исто така, во сите четири подрачја гимназијалците постигнале повисоки резултати во споредба со учениците од стручното и од уметничкото образование.

Потребно е да се надминат овие разлики и да се засилат наставните активности насочени кон развој на писменото изразување кај учениците, особено кај момчињата, како и кај учениците од средното стручно образование и средното уметничко образование.

Следи табела во која се прикажани постигањата на матурантите по Македонски јазик и литература во шесте последователни испитни години.

Табела 14: Просечни постигања од 2019 г. до 2025 г. по подрачја

| Способност/Подрачје | Просечен процент на решеност | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2019 г.** | **2021 г.** | **2022 г.** | **2023 г.** | **2024 г.** | **2025 г.** |
| Книжевна анализа | 77,99 | 76,43 | 82,14 | 78,01 | 61,51 | 60,38 |
| Читање со разбирање | 79,28 | 63,75 | 77,09 | 73,26 | 61,26 | 76,16 |
| Пишување | 45.21 | 51,64 | 53,68 | 50,46 | 46,14 | 50,23 |
| Јазик | 73,47 | 78,07 | 83,51 | 88,69 | 69,41 | 66,69 |

Анализата на резултатите од државната матура по Македонски јазик и литература за учебната 2024/2025 година покажува дека учениците доследно постигнуваат највисоки резултати во способноста Читање со разбирање, во споредба со останатите испитувани способности. Наспроти тоа, способноста Пишување останува најслаба, со најниски просечни постигања во тековната испитна сесија.

Податоците од шест последователни испитни години (2019 – 2025) укажуваат на значајни варијации во постигањата на матурантите по Македонски јазик и литература. Највисоки резултати се забележуваат во подрачјето Јазик, особено во 2023 година (88,69 %), но со нагласен пад во 2024 и 2025 година. Способноста Книжевна анализа бележи стабилност до 2022 година, по што следи драстично опаѓање (од 82,14 % во 2022 г. на 60,38 % во 2025 г.). Способноста Читање со разбирање се покажува како нестабилна, но се издвојува со релативно високи и конзистентни резултати.

Способноста Пишување останува најслаба во сите години, со резултати кои не надминуваат 54 %, што укажува на системски предизвик во развојот на оваа способност. Генерално, податоците сугерираат недоволна застапеност на пишувањето како наставна активност, што може да биде еден од клучните фактори што влијаат врз ваквите резултати. Ова дополнително ја нагласува потребата од системски пристап за унапредување на способноста Пишување.

## Албански јазик и литература

Во учебната 2024/2025 година, за време на јунската испитна сесија, државната матура по предметот Албански јазик и литература ја полагаа вкупно 4154 кандидати. Од нив, 4009 кандидати го положиле испитот, а 145 кандидати (3,49 %) не го положиле испитот.

Анализата на резултатите ги опфаќа постигањата на учениците систематски распоредени според испитуваните способности, и тоа: Книжевна анализа, Читање со разбирање, Пишување и подрачјето Јазик – дополнително беа вклучени 21 задача, поврзани со јазични знаења, кои се надоврзуваат на задачата за Пишување. Просечниот процент на решеност изнесува 68,27 %, што соодветствува на 50,52 освоени поени од вкупно можни 74.

Од приказот на хистограмот и од анализата на резултатите се согледува дека тестот спаѓа во категоријата на тестови со умерено ниво на сложеност, без значајни отстапувања.

Графикон 2: Дистрибуцијата на вкупните резултати од тестот




Во оваа испитна сесија, тест-книшката содржеше вкупно 61 прашање, од кои 22 прашања беа со повеќечлен избор, а 39 беа од отворен тип. Анализата покажува дека прашањата беа поставени со различен степен на тежина, со цел да се испитаат различни нивоа на знаење и примена кај кандидатите.

На прикажаната табела се гледа бројот на барањата според процентот на точни одговори и видот на прашањето. Резултатите од способноста Пишување не се вклучени во овој приказ, односно резултатите од оценувањето на есејот.

Табела 15: Процент на просечна решеност на задачите во тестот

| | Процент на точни одговори | **80 – 100** | **60 – 79** | **40 – 59** | **20 – 39** | **0 –19** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Број на задачи според видот** | Барања со повеќечлен избор | 17 | 2 | 2 | 0 | 1 |
| | Барања од есејски вид | 14 | 13 | 10 | 2 | 0 |

Податоците од табелата укажуваат дека прашањата со повеќечлен избор покажуваат висока успешност. Најголем број од прашањата со повеќечлен избор имаат точна решеност меѓу 80 и 100 %, т.е. седумнаесет прашања се со висок процент на решеност, две се со процент на решеност помеѓу 60 и 79 % (задачите 2.4 и 4), две се со процент на решеност помеѓу 40 и 59 % (задачите 2.1 и 25.5), а едно барање е со понизок процент на решеност – помеѓу 0 и 19 % (задачата 2.2).

Барањата од есејски вид имаат нешто послаби показатели, а со тоа и порамномерна распределба на резултатите. Иако четиринаесет прашања имаат висок процент на решеност (80 – 100 %), значаен број задачи (13) се во опсегот 60 – 79 % и десет задачи се во опсегот 40 – 59 %, што покажува дека кај дел од учениците недостасува конзистентно изразување и аргументација. Две прашања се позиционирани во опсегот 20 – 39 %, што укажува на потреба од дополнителни писмени вежби за развивање на аргументација и структурирање на текст.

Во учебната 2024/2025 година, според добиените резултати, највисоки постигања се забележани во способноста Книжевна анализа, со просечен процент на точност од 75,54 %, што укажува на стабилно разбирање и интерпретација на литературните содржини.

Релативно добри резултати се постигнати и во способноста Читање со разбирање (75,10 %), што покажува дека учениците успешно ги препознаваат и интерпретираат значењата во текстовите.

Најслаби постигања се забележани во способноста Пишување, каде просечниот процент на точност изнесува 45,31 %. Ова укажува на потреба од засилено внимание кон развојот на писменото изразување, особено во делот на аргументација, структура и јазична прецизност. Слабите резултати во оваа способност се повторуваат и во оваа испитна сесија, што може да укаже на недоволна застапеност на пишувачки активности во наставниот процес.

Во подрачјето Јазик, просечниот резултат изнесува 69,00 %, што е пониско во споредба со претходната испитна година. Сепак, анализата на поединечните прашања покажува дека дел од нив имаат добри мерни показатели, што укажува на потенцијал за напредок преку насочена наставна интервенција.

Табела 16: Просечен процент на решеност по способности/подрачја

| **Способност/подрачје** | **Просечен процент на решеност** |
|---|---|
| Книжевна анализа | 75,54 |
| Читање со разбирање | 75,10 |
| Пишување | 45,31 |
| Јазик | 69,00 |

Анализата на резултатите од државната матура по Албански јазик и литература за 2024/2025 покажува дека најдобри резултати се забележани во способностите Книжевна анализа и Читање со разбирање, додека способноста Пишување и подрачјето Јазик остануваат предизвици. Потребно е насочено дејствување кон зајакнување на овие способности преку наставни стратегии, дополнителни активности и индивидуализиран пристап.

Табела 17: Просечни постигања по категории и подрачја

| | | Просечни постигања (цел тест) | Бр. на канд. | Просечни постигања (по делови од тест)/број на макс. бодови | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Книжевна анализа | Читање со разбирање | Пишување | Јазик |
| Пол | женски | 71,27 | 2357 | 17,17/22 | 13,97/18 | 6,69/13 | 14,90/21 |
| | машки | 64,32 | 1797 | 15,89/22 | 12,92/18 | 4,83/13 | 13,95/21 |
| Вид образов. | гимназиско | 70,09 | 1660 | 17,07/22 | 13,76/18 | 6,21/13 | 14,82/21 |
| | стручно | 67,12 | 2465 | 16,35/22 | 13,36/18 | 5,68/13 | 14,28/21 |
| | уметничко | 63,95 | 29 | 14,07/22 | 13,07/18 | 4,76/13 | 12,97/21 |

Предметот Албански јазик и литература го полагале 2357 девојчиња и 1797 момчиња. Просечниот процент на решеност на тестот кај девојчињата е 71,27, а кај момчињата е 64,32. Овие разлики се статистички значајни. Во сите четири подрачја девојчињата имаа постигнато повисоки резултати од момчињата, при што посебно големи се разликите во делот Пишување.

Според видот на образованието, најголем број ученици кои полагале Албански јазик и литература се од стручното образование (2465), а од уметничкото образование се само 26 матуранти. Постигањата на учениците од гимназиското образование се повисоки во однос на оние на учениците од стручното образование и во однос на постигањата на учениците од уметничкото образование. Просечниот процент на решеност на тестот кај гимназијалците е 70,09, кај матурантите од стручното образование е 67,12, а кај матурантите од уметничкото образование само 63,95. Овие разлики се статистички значајни. Исто така, во сите четири подрачја гимназијалците постигаат повисоки резултати во однос на учениците од стручното и од уметничкото образование.

Потребно е да се надминат овие разлики и да се засилат наставните активности насочени кон развој на писменото изразување кај учениците, особено кај момчињата, како и кај учениците од средното стручно образование и средното уметничко образование.

Анализата по подрачја/способности од последните шест години покажува дека резултатите не се константни, туку варираат по години.

Табела 18: Просечни постигања од 2019 до 2025 г. по подрачја

| Способност/подрачје | Просечен процент на решеност по година | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2019 г. | 2021 г. | 2022 г. | 2023 г. | 2024 г. | 2025 г. |
| Книжевна анализа | 75,31 | 65,99 | 66,96 | 61,86 | 62,67 | 75,54 |
| Читање со разбирање | 79,34 | 60,05 | 82,03 | 73,71 | 70,44 | 75,10 |
| Пишување | 44,91 | 40,62 | 45,79 | 42,40 | 38,50 | 45,31 |
| Јазик | 84,94 | 81,74 | 75,46 | 80,98 | 79,90 | 69,00 |

Способноста Пишување и понатаму останува најслаба способност на кандидатите, иако во 2025 година е забележано благо зголемување во однос на претходните две години.

Најголем пад е забележан во подрачјето Јазик (69,00 %), што претставува намалување во однос на претходните години.

Од друга страна, се забележува значително подобрување во способностите Книжевна анализа (75,54 %) и Читање со разбирање (75,10 %), што ги враќа резултатите на нивото од 2019 година.

Споредено по пол и просек, предметот Албански јазик и литература го полагале 2357 девојчиња и 1797 момчиња кои вкупно постигнаа средна оценка од 3,84.

## Турски јазик и литература

Во рамките на јунскиот испитен рок од државната матура за учебната 2024/2025 година, испитот по Турски јазик и литература го полагаа вкупно 283 кандидати. Од нив, 279 кандидати го положија испитот, додека четворица кандидати (1,41 %) не го положија. Просечниот резултат на тестот изнесува 68,84 %, што одговара на 50,94 освоени поени од вкупно можни 74.

Од хистограмот и од анализата на резултатите се гледа дека дистрибуцијата на вкупните резултати е насочена кон средните вредности, што укажува дека тестот спаѓа во категоријата на тестови со умерено ниво на сложеност, без значајни отстапувања кон екстремна тежина или едноставност.

Графикон 3: Дистрибуцијата на вкупните резултати од тестот




Дваесет и две (22) прашања се со повеќечлен избор, а триесет и девет (39) прашања од вкупниот број испитни прашања во тестот се од отворен тип. Анализата на резултатите ги опфаќа постигањата на учениците, систематски распоредени според испитуваните способности, и тоа: Книжевна анализа, Читање со разбирање, Пишување и подрачјето Јазик – дополнително беа вклучени дваесет и една (21) задача, поврзани со јазични знаења, кои се надоврзуваат на задачата за Пишување.

Табела 19: Процент на просечна решеност на задачите во тестот

| **Процент на точни одговори според видот на задачите** | **80 – 100** | **60 – 79** | **40 – 59** | **20 – 39** | **0 – 19** |
|---|---|---|---|---|---|
| **задачи со повеќечлен избор** | 14 | 4 | 2 | 0 | 2 |
| **задачи од есејски вид** | 18 | 12 | 4 | 2 | 3 |

Четиринаесет прашања со повеќечлен избор се со точна решеност меѓу 80 и 100 %. Во групата со решеност помеѓу 60 и 79 % има четири прашања, во групата со решеност од 40 до 59 % има две прашања, во групата со решеност од 20 до 39 % нема ниту едно прашање и во последната група со решеност од 0 до 19 % има две прашања.

Во решеноста на прашањата од отворен тип се добива поинаква слика: осумнаесет прашања се со решеност од 80 до 100 %, дванаесет прашања се со решеност од 60 до 79 %, четири прашања се со решеност од 40 до 59 %, две прашања се со решеност од 20 до 39 % и три прашања се со решеност од 0 до 19 %.

Овие резултати сугерираат дека учениците подобро се изразуваат и аргументираат кога имаат простор за слободно размислување (есејски задачи), додека кај задачите со повеќечлен избор, можеби, е потребно дополнително насочување кон развој на аналитичко размислување и техники за избор на точен одговор.

Табела 20: Просечен процент на решеност по способности/подрачја

| Способност/подрачје | Просечен процент на решеност |
|---|---|
| Книжевна анализа | 64,33 |
| Читање со разбирање | 71,30 |
| Пишување | 50,15 |
| Јазик | 83,02 |

Резултатите покажуваат различна успешност кај учениците. Подрачјето Јазик е најуспешно, со просечен процент на решеност од 83,02 %, што укажува на солидно владеење на граматичките и јазичните правила. Способноста Читање со разбирање, исто така, има висока успешност од 71,30 %, што покажува дека учениците генерално добро ги интерпретираат текстовите и извлекуваат значење. Способноста Книжевна анализа е со умерена успешност од 64,33 %, што сугерира дека учениците имаат основно разбирање на книжевните текстови, но има простор за подобрување во интерпретацијата и критичката анализа. Пишувањето, како и во другите предмети од групата мајчин јазик, е најслабо подрачје со просечна успешност од 50,15 % што укажува на потреба од дополнителна работа на развојот на писменото изразување, структурата на текстот, аргументацијата и јазичната прецизност.

Табела 21: Просечни постигања по категории и подрачја

| Категорија | | Просечни постигања (цел тест) | Бр. на канд. | Просечни постигања (по делови од тест)/број на макс. бодови | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Книжевна анализа | Читање со разбирање | Пишување | Јазик |
| Пол | женски | 70,12 | 161 | 14,37/22 | 12,89/18 | 7,12/13 | 17,50/21 |
| | машки | 67,15 | 122 | 13,86/22 | 12,76/18 | 5,72/13 | 17,3421 |
| Вид образование | гимназиско | 69,74 | 167 | 13,92/22 | 12,92/18 | 7,35/13 | 17,41/21 |
| | стручно | 67,54 | 116 | 14,48/22 | 12,71/18 | 5,33/13 | 17,47/21 |

Споредено по пол и просек, предметот Турски јазик и литература го полагале 161 девојче и 122 момчиња. Просечниот процент на решеност на тестот кај девојчињата е 70,12 %, а кај момчињата е 67,15. Овие разлики се статистички значајни. Во сите четири подрачја девојчињата имаа постигнато повисоки резултати од момчињата, при што посебно големи се разликите во делот Пишување, додека во Читање со разбирање и Јазик разликите се минимални.

Генерална препорака е да се засилат наставните активности насочени кон развој на писменото изразување кај учениците, особено кај момчињата, како и кај учениците од средното стручно образование.

Според видот на образованието, најголем број ученици кои полагале Турски јазик и литература се од гимназиското образование (167), додека во уметничкото образование нема кандидати за полагање, поради тоа што во овој вид образование не се изведува настава на турски јазик. Постигањата на учениците од гимназиското образование се повисоки во споредба со оние на учениците од стручното образование. Просечниот процент на решеност на тестот кај гимназијалците е 69,74 %, а кај матурантите од стручното образование е 67,54 %. Овие разлики се статистички значајни. Освен во подрачјето Јазик, гимназијалците во останатите три подрачја постигнуваат повисоки резултати во однос на учениците од стручното образование.

Во следната табела се дадени постигањата по способности и подрачја во шест последователни испитни години (од 2019 до 2025 година).

Табела 22: Просечни постигања од 2019 до 2025 година по подрачја

| | **Просечен процент на решеност** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Способност/подрачје** | **2019 г.** | **2021 г.** | **2022 г.** | **2023 г.** | **2024 г.** | **2025 г.** |
| Книжевна анализа | 76,88 | 70,36 | 72,21 | 55,67 | 70,86 | 64,33 |
| Читање со разбирање | 76,96 | 60,78 | 75,26 | 67,55 | 56,09 | 71,30 |
| Пишување | 44,92 | 59,20 | 55,55 | 21,45 | 35,96 | 50,15 |
| Јазик | 79,34 | 63,88 | 84,04 | 71,86 | 59,79 | 83,02 |

Анализата на резултатите за периодот 2019 – 2025 година покажува дека учениците, главно, добро ги владеат подрачјата Книжевна анализа, Читање со разбирање и Јазик. Способноста Читање со разбирање бележи флуктуации, но се подобрува во последната година достигнувајќи 71,30 %. Подрачјето Книжевна анализа покажува стабилност со пад во 2023 г. и делумен напредок потоа. Пишувањето останува најслаба способност кај кандидатите, со најнизок резултат во 2023 година (21,45 %) и умерено подобрување во 2025 година (50,15 %). Овие податоци укажуваат на потреба од засилена поддршка во развојот на писменото изразување и стабилизација на резултатите кај подрачјата Книжевна анализа и Читање.

## Српски јазик и литература

Во рамките на јунскиот испитен рок од државната матура за учебната 2024/2025 година, испитот по Српски јазик се одржа првпат и го полагаа вкупно десет кандидати, сите од гимназиското образование. Сите ученици успешно го положија испитот.

Тестот е содржински усогласен со тестовите по останатите три мајчини јазици. Од вкупниот број прашања, 22 се со повеќечлен избор, додека 39 се од отворен тип. Преку овие прашања се проценуваше оспособеноста на учениците во областите: Книжевна анализа, Читање со разбирање, Пишување и Јазични знаења.

Просечниот процент на решеност на тестот изнесува 76,08 %, односно 56,30 бода од вкупно можни 74 бода. Највисок просечен процент на решеност на тестот имаат постигнато матурантите во подрачјето Јазик (86,19 %), потоа во подрачјето Литература – 76,82, а најнизок имаат постигнато во подрачјата Читање со разбирање и Пишување (68,89 % и 68,46 % соодветно).

## Англиски јазик

Во јунскиот испитен рок на државната матура, предметот Англиски јазик го полагале вкупно 13000 кандидати, од кои 12315 кандидати положиле. По спроведените процедури за оценување, за поставување праг на положеност и по обработката на добиените резултати добиени се показатели за постигањата на учениците.

Од вкупниот број испитни задачи од јунскиот тест, четири задачи се од отворен вид, две задачи се од затворен вид, а една задача има четири барања од затворен и три барања од отворен вид. Според направената анализа на резултатите од тест-задачите во јунскиот испитен рок, различните видови задачи се поставени различно на скалата до максималниот можен број бодови. На прикажаната табела се гледа бројот на барањата според процентот на точни одговори и видот на задачата.

Графикон 4: Дистрибуцијата на вкупните резултати од тестот




Од хистограмот се согледува дека дистрибуцијата на вкупните резултати е насочена кон повисоките вредности, што укажува дека тестот е лесен. Најголемата акумулација на кандидати се забележува кај 50 освоени бода. И покрај акумулацијата на кандидати кај повисоките бодови, стандардната девијација, која изнесува 11 бода, покажува дека тестот прави разлика меѓу учениците со различно ниво на знаење.

Табела 23: Процент на точни одговори на барањата во тестот (тест-прашањата) според видот

| **Процент на точни одговори** | **100 – 80** | **79 – 60** | **59 – 40** | **39 – 20** | **19 – 0** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Барања од затворен вид** | **10** | **2** | **1** | **/** | **/** |
| **Барања од отворен вид** | **4** | **7** | **6** | **/** | **/** |

Најголем број задачи со точна решеност (меѓу 80 и 100 %) се од затворен вид – десет (10). Останатите три барања од затворен вид се во опсег на тежинско ниво од 40 до 79 %. Кај задачите со барања од отворен вид доминираат оние со решеност од 40 до 79 отсто (вкупно 13), а четири барања се лесни, односно со решеност од 80 до 100 отсто.

Тестот по Англиски јазик содржи 49 барања со кои се проверуваше оспособеноста на учениците во три (3) вештини: Читање со разбирање, Примена на јазичните елементи во контекст и Пишување. Според резултатите од анализата, учениците во просек освоиле 44,74 од вкупно 64 бода. Просечниот процент на решеност на задачите изнесува 69,91 % и е повисок во споредба со минатата година. Средната оценка од постигнувањата на испитот по Англиски јазик изнесува 3,65.

Табела 24: Просечен процент на решеност на вештините во рамките на тестот

| **Вештина** | **Просек на освоени бодови** | **Максимум бодови** | **Број на задачи** | **Број на барања** |
|---|---|---|---|---|
| **Читање** | 12,2 | 15 | 2 | 14 |
| **Пишување** | 13,7 | 25 | 2 | 6[3] |
| **Примена на јаз. ел.** | 18,8 | 25 | 3 | 10[4] |

Кога ќе се споредат постигањата помеѓу трите вештини, се забележува дека резултатите се значително повисоки за вештината Читање со разбирање отколку за вештините Пишување и Примена на јазичните елементи во контекст. Стандардната девијација на резултатите од делот Читање, која изнесува 1,84 од вкупно 14 бода, укажува дека популацијата е збиена кон повисоките бодови. Со други зборови, овој дел од тестот не прави диференцијација помеѓу послабите и појаките ученици. Кај деловите Пишување и Примена на јазичните елементи сликата е поразлична. Имено, стандардната девијација изнесува 6,18, односно 5,27, што укажува дека постојат различни нивоа на постигање. Особено кај делот Пишување, коефициентот покажува дека овој дел од тестот бил прелесен за некои ученици, а за други бил претежок.

[3] Односно 9.
[4] Односно 25.

Табела 25: Просечни постигања по категории и подрачја

| Категорија | | Просечни постигања (цел тест) | Број на канд. | Просечни постигања (по делови од тест)/број на макс. бодови | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Читање/14 | Пишување/25 | Јазик/25 |
| Пол | женски | 46,2 | 7127 | 12,3 | 14,6 | 19,4 |
| | машки | 42,9 | 5873 | 12,2 | 12,7 | 18 |
| Наставен јазик | македонски | 46 | 8553 | 12,5 | 14 | 19,5 |
| | албански | 42,2 | 4146 | 11,7 | 13 | 17,5 |
| | турски | 42,6 | 295 | 11,7 | 13,9 | 16,7 |
| | српски | 53,7 | 6 | 12,5 | 18 | 23,2 |
| Вид образование | гимназиско | 48 | 4856 | 12,5 | 15,5 | 20 |
| | стручно | 42,8 | 8005 | 12 | 12,7 | 17,8 |
| | уметничко | 43,8 | 139 | 12 | 13,4 | 18,4 |

Од приказот може да се види дека повеќе девојчиња избрале да го полагаат предметот Англиски јазик како екстерен испит во споредба со момчињата, но и дека нивните просечни постигања се подобри. Исто така, иако имаме поголем број кандидати од стручните училишта за полагање на испитот по Англиски јазик, учениците од гимназиското образование имаат подобри просечни постигања. Овој тренд постои со години наназад.

Во оваа испитна сесија од вкупно 13000 кандидати, 4856 се ученици од гимназиското образование, 8005 се од стручното и 139 кандидати се од средното уметничко образование. Од нив, пак, 7127 биле девојчиња, а 5873 – момчиња. Најдобри постигања имаат кандидатите од гимназиското образование – со просечно освоени 48 бода, во споредба со кандидатите од средното стручно образование кои во просек освоиле 42,8 бода. Малку подобри од нив се кандидатите од средното уметничко образование – со просечно освоени 43,8 бода. Просечното тежинско ниво на задачите во гимназиското образование изнесува 75, во средното стручно изнесува 66,8 и во средното уметничко образование оваа вредност изнесува 68,5. Во однос на полот, девојчињата, со освоени во просек 46,27 бода, имаат подобри постигања од момчињата, чиј просек за истиот предмет изнесува 42,88 бода.

Од резултатите за сите задачи од тестот, кој се реализираше во испитната сесија јуни 2025 година, речиси сите прашања, со исклучок на едно, покажуваат добри карактеристики. Осум прашања покажуваат висок процент на точна решеност и истовремено се и со добра дискриминативност, што значи дека тестот е лесен, но и дека ги мери постигањата на учениците. Согласно резултатите, најголем број од овие задачи ја мерат поставената цел.

Анализата на резултатите од испитот по Англиски јазик ни даде корисни информации за постигањата на учениците, но и за квалитетот на испитните прашања. Информациите укажуваат на постигнатиот успех, но и на деловите на кои треба да се работи за да се постигне подобрување. Генерално, успехот е подобар во однос на

минатите години, но тоа во голем дел се должи на пониското тежинско ниво на задачите во тестот. Имено, согласно Заедничката европска референтна рамка за јазиците, нивото на јазикот и воопшто на содржината на тестот беше на Б1+ ниво, наместо на Б2-нивото како во претходните години. Државната матурска предметна комисија и советиците во Бирото за развој на образованието сметаа дека на тој начин тестот ќе биде поправеден за учениците од средните стручни училишта кои, согласно наставните програми, го заокружуваат изучувањето на јазикот со Б1+ нивото.

## Германски јазик

Во јунскиот испитен рок на државната матура, предметот Германски јазик го полагале вкупно 72 кандидати, од кои 68 го положиле испитот. По завршувањето на оценувањето, поставувањето праг на положеност и по обработката на резултатите, добиени се показателите за постигањата на учениците.

Четири прашања од вкупниот број прашања во јунскиот испитен рок се од затворен вид, а две се од отворен вид. Со тест-книшката се проверуваше оспособеноста на учениците во три вештини: Читање со разбирање, Пишување и Примена на јазичните елементи во контекст. Според резултатите, во просек, учениците освоиле 51,96 од вкупно 65 бода, односно просечниот процент на решеност на тестот е 79,94.

Табела 26: Процент на просечна решеност на задачите во тестот

| **Процент на точни одговори** | **80 – 100** | **60 – 79** | **40 – 59** | **20 – 39** | **0 – 19** |
|---|---|---|---|---|---|
| Барања од затворен вид | 18 | 2 | 1 | / | / |
| Барања од отворен вид | 5 | 2 | / | / | / |

Од податоците погоре може да се согледа дека во тестот во јунскиот испитен рок немало прашања со низок процент на решеност, а само едно прашање е со среден процент на решеност. Поголемиот број прашања биле лесни или многу лесни. На дваесет и три прашања, од отворен и затворен вид, меѓу 80 и 100 % од кандидатите одговориле точно, додека на четири прашања од 60 до 79 отсто од кандидатите дале точен одговор.

Графикон 5: Дистрибуцијата на вкупните резултати од тестот




Од хистограмот се гледа дека најбројни се кандидатите со 59 бода, но и дека популацијата е групирана главно кај високите бодови. Сепак, за разлика од минатата година, оваа година имаме неколку ученици со пониски постигања, односно со 9, 10 и 11 бода.

## Француски јазик

Во јунскиот испитен рок на државната матура, предметот Француски јазик го полагале вкупно дваесет и четворица кандидати, од кои само еден кандидат не го положил испитот. По спроведените процедури за оценување, за поставување праг на положеност и по обработката на добиените резултати, добиени се показатели за постигањата на учениците.

Четири прашања од вкупниот број прашања во јунскиот испитен рок се од затворен, а две се од отворен вид. Со тест-книшката се проверуваше оспособеноста на учениците во три вештини: Читање со разбирање, Пишување и Примена на јазичните елементи во контекст. Според резултатите извлечени од анализата, во просек, учениците освоиле 56,96 од вкупно 65 бода, односно просечниот процент на решеност на тестот од јунскиот испитен рок изнесува 87,63.

Табела 27: Процент на просечна решеност на задачите во тестот

| **Процент на точни одговори** | **80 – 100** | **60 – 79** | **40 – 59** | **20 – 39** | **0 – 19** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Барања од затворен тип** | **19** | **1** | **1** | **/** | **/** |
| **Барања од отворен тип** | **7** | **/** | **/** | **/** | **/** |

Може да се согледа дека сите прашања се лесни, со исклучок на две (едно е средно лесно и едно е со средна тежина). Анализата покажува дека, сепак, во однос на резултатите од јуни 2024 година, наместо десет прашања, во оваа сесија има две прашања што се со тежинска вредност 100 и со индекси на дискриминативност со вредност нула.

Графикон 6: Дистрибуцијата на вкупните резултати од тестот




Хистограмот погоре покажува дека поголемиот број од кандидатите е распореден кон повисоките бодови. Најбројни се кандидатите со освоени 63 бода на тестот, а по нив се оние со максималните 65 бода. Иако се работи за популација која е малобројна (само дваесет и четворица), како што е кажано и погоре, тестот го полагаат ученици кои го изучувале јазикот по два различни стандарди (билингвални паралелки и како втор странски јазик).

## Руски јазик

Во јунскиот испитен рок, испитот по Руски јазик го полагаа вкупно тројца кандидати и сите го положија.

Четири задачи од вкупниот број испитни задачи во јунскиот испитен рок се од затворен, а две задачи се од отворен вид. Со тест-книшката се проверуваше оспособеноста на учениците во три вештини: Читање со разбирање, Пишување и Примена на јазичните елементи во контекст.

Просечниот процент на решеност на тестот е 86,67 %, односно 56,33 бода од вкупно можни 65 бода.

## Италијански јазик

Во јунскиот испитен рок, испитот по Италијански јазик го полагаа вкупно тројца кандидати од гимназиското образование и сите го положија испитот.

Четири задачи од вкупниот број испитни задачи во јунскиот испитен рок се од затворен, а две задачи се од отворен вид. Со тест-книшката се проверуваше оспособеноста на учениците во три вештини: Читање со разбирање, Пишување и Примена на јазичните елементи во контекст.

Просечниот процент на решеност на тестот е 75,90 %, односно 49,33 бода од вкупно можни 65 бода.

## Математика

Тестот по предметот Математика, согласно спецификациската шема од испитната програма, содржи задачи од петте подрачја: Математичка логика и множества, Реални и комплексни броеви, Алгебра, Геометрија и Тригонометрија, кои се распоредени на четирите тежински нивоа. Испитот по Математика во јунскиот испитен рок од учебната 2024/2025 година пријавиле да го полагаат 1246 кандидати, од кои само 7 биле отсутни на денот на полагањето. Математика избираат да полагаат, главно, ученици кои планираат своето образование да го продолжат на техничките факултети.

Просечниот процент на решеност на тестот е 77,03 %, односно 46,99 бода од вкупно можни 61 бод, при стандардна девијација од 12,77 и стандардна грешка на мерењето од 4,25. Алфа-коефициентот на тестотот по Математика од јунскиот испитен рок е 0,89, што значи дека тестот има добри мерни карактеристики.

Графикон 7: Дистрибуцијата на вкупните резултати од тестот



Во тестот по Математика од јунскиот испитен рок, петнаесет задачи се со повеќечлен избор, а преостанатите задачи се од отворен вид (5 задачи со краток одговор и 10 задачи со постапка за решавање). Сите задачи со повеќечлен избор имаат четири дистрактори, при што секој точен одговор се бодува со 1 бод. Од дваесетте задачи од отворен вид, пет се бодуваа со по 2 бода, а останатите десет се задачи во кои се бодува секој чекор од постапката на решавање, односно: четири задачи со по 3 бода и шест задачи со по 4 бода.

Резултатите од анализата покажуваат дека најголемиот број задачи во јунскиот тест имаат добри психометриски карактеристики. Скоро сите задачи покажуваат добра дискриминативност. Сепак, треба да имаме предвид дека предметот Математика е изборен и го полагале само 1239 кандидати, односно го избрале кандидатите кои, пред сѐ, имаат афинитети кон овој предмет.

Табела 28: Процент на точни одговори на задачите во тестот

| **Процент на точни одговори** | | | **90 – 100 %** | **75 – 89 %** | **60 – 74 %** | **0 – 59 %** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Број на задачи според видот** | Барања со повеќечлен избор | | 14 | 0 | 1 | 0 |
| | Барања од отворен вид | краток одговор | 0 | 5 | 0 | 0 |
| | | постапка на решавање | 0 | 3 | 6 | 1 |

Со над 90 % решеност се дури четиринаесет од петнаесетте задачи со повеќечлен избор, додека од останатите видови задачи нема ниту една со решеност над 90 %. Сите задачи со надополнување се решени со процент на решеност меѓу 75 % и 89 %, како и три задачи со постапка на решавање. Од друга страна, пак, нема задачи со повеќечлен избор со процент на решеност под 60 %, ниту пак задачи со краток одговор, а само една задача со постапка има решеност под овој праг. Останатите задачи од сите три вида матурантите ги решаваат со процент на решеност помеѓу 60 % и 75 %. Од сето ова може да се заклучи дека задачите со постапка за решавање им се најтешки на матурантите, а оние со повеќечлен избор им се најлесни.

Тестот по Математика во јунскиот испитен рок содржи девет задачи од способноста С1 (кандидатот да знае поими, факти и постапки), девет задачи од способноста С2 (кандидатот да користи поими, факти и постапки), осум задачи од способноста С3 (кандидатот да решава едноставни проблеми) и четири задачи од способноста С4 (кандидатот да расудува, односно да размислува логички и систематски). Просечниот процент на решеност на способностите С1 и С2 е над 80 %, додека пак просечниот процент на решеност на способностите С3 и С4 е понизок (С3 е со просечен процент на решеност од 76,66 %, а С4 е со просечен процент на решеност од 67,64 %).

Табела 29: Просечни постигања на учениците по подрачја

| Подрачје | Просечен процент на решеност | Број на задачи | Максимум можни бодови | Просечно освоени бодови | Стандардна девијација | Стандард на грешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Математичка логика и множества | 72,06 | 4 | 7 | 5,04 | 2,08 | 1,63 |
| Реални и комплексни броеви | 75,92 | 3 | 6 | 4,56 | 1,61 | 1,28 |
| Алгебра | 76,32 | 11 | 23 | 17,55 | 5,49 | 2,68 |
| Геометрија | 78,99 | 9 | 18 | 14,22 | 3,99 | 2,30 |
| Тригонометрија | 77,83 | 3 | 6 | 4,67 | 1,60 | 1,27 |
| Вкупно | 77,03 | 30 | 61 | 46,99 | 12,77 | 4,25 |

Матурантите кои избрале да полагаат државна матура по предметот Математика ги имаа совладано сите подрачја застапени во испитната програма.

Просечниот процент на решеност на секое поединечно подрачје од јунскиот тест е над 70 % и не се разликува премногу. Најдобри резултати кандидатите постигнале во подрачјето Геометрија, а најниски резултати – во подрачјето Реални и комплексни броеви.

Подрачјето Математичка логика и множества во тестот е застапено со три задачи, односно по една од секој вид, при што секоја задача соодветно ги мери способностите: од познавање на математичките поими, фактите и постапките (способност С1) до решавање едноставни проблеми (способност С3). Најдобри резултати учениците постигнале на задачата со краток одговор, а најниски – на задачата со повеќечлен избор која ја мери способноста С1, односно од кандидатот се бара да знае одреден поим, односно факт.

Подрачјето Реални и комплексни броеви во тестот е застапено со четири задачи, од кои две се со повеќечлен избор, една е со краток одговор и една е со постапка на решавање; односно две задачи ја мерат способноста С1 (познавање на математичките поими, факти и постапки), а по една задача ја мерат способноста С2 (користење математички поими, факти и постапки) и С4 (оспособеност да расудуваат, односно да размислуваат логички и систематски). Процентот на решеност на двете задачи со повеќечлен избор што ги мерат способностите С1 и С2 е над 90 %, на задачата со дополнување која ја мери, исто така, способноста С1 е 78 %, додека задачата со постапка на решавање која ја мери способноста С4 има процент на решеност од 69 %.

Подрачјето Алгебра во тестот е застапено со единаесет задачи кои носат вкупно 23 бода, од кои шест задачи се со повеќечлен избор, една е со краток одговор и четири се со постапка на решавање. По три од задачите ја проверуваат способноста С1, односно С2, четири ја проверуваат способноста С3 и една ја проверува способноста С4. Просечниот процент на решеност на шесте задачи со повеќечлен избор е над 90 %, на

задачата со краток одговор е 79 %, додека кај задачите со отворена постапка просечниот процент на решеност се движи од 59 % до 79 %.

Подрачјето Тригонометрија е застапено со три задачи, по една од секој вид, со кои се мерат способностите С1, С2 и С4. Задачата со повеќечлен избор и задачата со надополнување (процент на решеност од 94 % и 80 % соодветно) не им претставуваат потешкотија на учениците, додека кај задачата со целосна постапка процентот на решеност е понизок (71 %).

Подрачјето Геометрија во тестот е застапено со девет задачи кои носат 18 бода. Пет задачи се со повеќечлен избор, една е со краток одговор и три се со постапка за решавање. Од петте задачи со повеќечлен избор, по две се од способностите С1 и С2, а една е од способноста С3. Задачата со краток одговор е од способноста С2, со постапка на решавање има две задачи од способноста С3 и една задача е од способноста С4. Процентот на решеност поединечно кај задачите со повеќечлен избор е над 90 %, задачата со краток одговор има 80 % решеност, а процентот на решеност на задачите од отворен вид се движи од 76 % кај двете задачи кои ја мерат способноста С3, па сѐ до 66 % кај задачата која ја мери способноста С4.

Табела 30: Просечни постигања по категории и подрачја

| **Категорија** | | **Просечен процент на решеност на тестот** | **Број на канди-дати** | **Просечен процент на решеност** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Матема-тичка логика и множес тва | Реални и комплекс-ни броеви | Ал-геб ра | Ге-омет-рија | Триго номет рија |
| Пол | женски | 80,40 | 596 | 75,41 | 79,73 | 79,544 | 82,37 | 81,99 |
| | машки | 73,89 | 643 | 68,96 | 72,40 | 73,33 | 75,85 | 73,98 |
| Наставен јазик | маке-донски | 76,94 | 1111 | 71,75 | 75,89 | 75,90 | 79,53 | 77,48 |
| | албан-ски | 77,50 | 123 | 74,80 | 76,15 | 79,96 | 73,67 | 80,49 |
| Вид образо-вание | гимна-зиско | 82,31 | 864 | 77,88 | 80,27 | 82,23 | 83,29 | 84,57 |
| | струч-но | 64,85 | 375 | 58,67 | 65,91 | 62,70 | 69,08 | 62,31 |

Поделбата по пол на бројот на кандидатите кои имаат избрано екстерно да го полагаат предметот Математика е речиси идеална. Вкупните просечни постигања на момчињата се пониски во однос на оние на девојчињата, како вкупно, така и поединечно во секое од петте подрачја. Постојат статистички значајни разлики во просечните постигањата на девојчињата и момчињата кои го полагале екстерно предметот Математика. Во сите подрачја опфатетени со тестот, просечните постигања

на девојчињата се движат од околу 75 % (Математичка логика и множества) до околу 82 % (Геометрија), додека пак кај момчињата – од околу 68 % (Математичка логика и множества) до околу 76 % (Геометрија).

На албански наставен јазик предметот одбрале да полагаат само 123 матуранти (10 % од матурантите кои избрале да полагаат Математика екстерно), на турски наставен јазик – еден матурант, а на српски – четворица. Со оглед на малиот број кандидати кои избрале да полагаат Математика на српски и на турски јазик, анализа по наставен јазик е направена само за учениците кои учат на македонски и на албански наставен јазик. Само во подрачјето Геометрија учениците кои следат настава на македонски наставен јазик имаат повисоки постигања од оние кои следат настава на албански наставен јазик.

Од вкупниот број кандидати кои избрале да го полагаат екстерниот предмет Математика, 30 % се од стручното образование. Нивните вкупни просечни постигања, како и поодделно во секое подрачје, се пониски споредено со постигањата на кандидатите од гимназиското образование. Ова е очекувано, бидејќи, иако испитната програма е правена како пресек на содржини кои се изучуваат и во гимназиското и во стручното образование, сепак во гимназиското образование предметот Математика се изучува 4 години, додека во повеќето струки од стручното образование – само 2 години. Постојат статистички значајни разлики во просечните постигањата на кандидатите од гимназиското и на оние од стручното образование.

## Филозофија

Во јунскиот испитен рок на државната матура, предметот Филозофија го полагале седум кандидати. Сите пријавени кандидати го положиле испитот, што резултира со 100 % успешност.

Во однос на постигнатиот успех, најголем дел од кандидатите — петина од нив, односно 71,43 % — добиле оценка 4, што покажува солидно ниво на знаење и разбирање на филозофските концепти. Останатите двајца кандидати (28,57%) добиле оценка 3, додека ниту еден кандидат не ја добил највисоката оценка – 5, ниту пак има неуспешни кандидати или кандидати со оценка 2. Оваа распределба на оценки сугерира дека, иако сите кандидати го положиле испитот, постои простор за подобрување во постигнувањето на највисоки резултати.

Средната оценка изнесува 3,71.

Просечниот процент на решеност на тестот е 67,08 %, односно 46,29 бода од вкупно можни 69 бода.

## Естетика

Во јунскиот испитен рок на државната матура по предметот Естетика, од вкупно 62 пријавени кандидати, 59 се појавиле на испитот. Сите кандидати успешно го положиле испитот, што претставува 100 % успех.

Најголем дел од нив, односно 93,22 %, добиле највисока оценка – 5, додека 6,78 % добиле оценка 4. Ниту еден кандидат не добил оценка 2 или 3, што укажува на високо ниво на подготвеност и знаење кај учениците или дека тестот бил прелесен за оваа популација ученици. Средната оценка изнесува 4,93.

Просечниот процент на решеност на тестот е 94,89 %, односно 58,83 бода од вкупно можни 62 бода.

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ

Во учебната 2024/2025 година, државната матура беше успешно реализирана согласно стандардизираните постапки утврдени во Правилникот за начинот на полагање и оценување на резултатите на учениците во гимназиското, стручното и уметничкото образование. Сите фази од процесот – подготовка на испитниот материјал, дистрибуција, тестирање, оценување, обработка на податоци, објавување на резултати и постапување по приговори – беа спроведени во согласност со утврдените процедури. Измените и дополнувањата на Правилникот, особено во делот за спроведување на испитот на денот на тестирање, придонесоа кон спречување на недозволени активности и обезбедување на фер и транспарентен процес.

Од реализацијата на државната матура во 2024/2025 година со изменет и дополнет Правилник за спроведување на испитите на денот на тестирањето, Државниот испитен центар генерално констатира дека обидите за недозволени дејствија за време на реализација на испитите се намалени. Се уште го имаме предизвикот да се изнајде начин за зајакнување на одговорноста на тестаторите и набљудувачите.

Кај испитот по Англиски јазик, успехот е подобар во однос на минатите години, но тоа во голем дел се должи на пониското тежинско ниво на задачите во тестот. Имено, содржината на тестот беше на Б1+ ниво, наместо Б2 како во годините наназад. Државната матурска предметна комисија, како и советниците во Бирото за развој на образованието сметаа дека на тој начин тестот ќе биде поправеден за учениците од средните стручни училишта кои согласно наставните програми го заокружуваат изучувањето на јазикот со Б1+ ниво.

Кај испитите од мајчин јазик постигањата на учениците на делот Пишување низ годиниве се најниски. Притоа треба да се има во предвид фондот на часови со кој е застапен мајчиниот јазик во средното образование во нашата држава. Во повеќето земји членки на Европската Унија, наставата по мајчин јазик се одвива секојдневно. Во држави како Германија, Франција, Холандија, Шведска и Финска, предметот мајчин јазик (германски, француски, холандски, шведски, фински итн.) е застапен пет пати неделно, односно секој училиштен ден. Овој пристап е дел од националните образовни стратегии кои го третираат јазикот не само како средство за комуникација, туку и како основа за учење во сите други предмети.

Во насока на подобрување на реализацијата на државната матура, а со цел подигање на квалитетот на средното образование во нашата држава се препорачува:

- При изготвување нови наставни програми по предметите Македонски јазик и литература, Албански јазик и литература, Турски јазик и литература и Српски јазик и литература или при ревидирање на постоечките наставни програми да се почитуваат барањата извлечени од Компетенции за 21 век од ЕУ. При изготвување на новите наставни програми треба да се внимава на постоење на заедничко јадро на содржини во сите наставни програми по мајчините јазици.
- Развој на наставни програми кои системски го интегрираат пишувањето, не само како техничка вештина, туку како средство за критичко мислење и комуникација.

Пишувањето треба да биде интегрирано низ наставните содржини како средство за анализа, изразување ставови и поврзување на знаењата, со цел да се поттикне подлабоко разбирање и самостојно размислување кај учениците. Во таа насока, наставата треба да вклучува разновидни форми на писмено изразување, како што се есеј, критички осврт, текстуална анализа и аргументирана интерпретација.

- Поттикнување на учениците за поголема вклученост во воннаставни активности поврзани со мајчин јазик (литературни клубови, дебатни клубови, драмски активности, медиумска писменост и сл.) со што би се продлабочиле знаењата на учениците за пишаниот збор, јакнење на критичко мислење, аргументација и комуникациска способност преку писмено изразување.
- Во наставата по Македонски јазик и литература, Албански јазик и литература, Турски јазик и литература и Српски јазик и литература да се планираат повеќе активности за: примена на јазикот со стандардизирани секојдневни јазични форми; повеќе вежби за примена на теоријата на литературата со самостојна структурна анализа на книжевни дела; читање со разбирање на различни видови текстови од различни медиуми; пишување различни форми на писмено изразување.
- Сите екстерните испити, како и оваа година, да се организираат и реализираат во големи простории, на факултетите, во спортски сали, училишни холови и сл. со цел овластените набљудувачи да имаат поголема контрола и увид во текот на тестирањето и матурантите да имаат еднаков пристап и подобри услови за работа во текот на испитите.